**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Сто и единаесетата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 15 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците да влезат во салата за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека нема доволен број присутни пратеници во салата и поради тоа не можеме да почнеме со работа.

Затоа, сега ќе ја прекинеме седницата и ќе продолжиме со работа во 14,00 часот, но ве молам да дојдат доволен број на пратеници, за да можеме да одлучуваме.

(Пауза)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 14,25 часот.

Молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Продолжувам8 со работа по Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Во салата присуствуваат 69 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка 3 - Предлог на Деловник на Собранието на Република Македонија.

Претресот по текстот на Предлогот на Деловникот на Собранието е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 66, став 4 од Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранито на Република Македонија се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлгот на Деловникот на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Господинот Златко Стојменов сака да каже како ќе гласа.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, мојата интервенција е процедурална и сметам дека предлагач на законот е колегата пратеник г. Горан Невеновски и мислам дека предлагачот треба да е присутен за време на претресот. (Горан Невеновски во моментот влезе во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јордан Бошков:

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван г. претседател, дами и господа, Предлогот на Деловник што е пред нас е текст кој што на некој начин конечно доживува и таков чин да биде гласан. Јас лично немам кон него голема одбивност, иако сметам дека мноштво од решенијата не се деловник односно за функционирање на Собранието ќе бидат потребни и натамошни аранжмани. Мене што не ми се допаѓа е тоа што ние стигнуваме до оваа фаза со фен на одбег на нашиот мандат. Заради тоа, јас сум на мислење дека не е ни упатно ние да го изгласаме. Јас ќе се воздржам, мојот глас нема да го дадам за, иако мислам дека има вредности во него, кои е нужно да се подобрат во текот на работата на Комисијата во која и јас учествував и се обидував редица од тие предлози да ги вградам, но не ми успеа. Можеби, во иднина, сепак, ќе се свати која е силата и која е функцијата на пратеничките групи и дека е потребно во нив да се бијат копјата, а и тие групи меѓусебно.

Понатаму, мислам дека е неумесно на наредниот мандат веќе сега да му се задава норма односно тие избраници на народот, потребно ќе биде самите уште пред конституирањето, доколку се сериозни, а мислам дека ќе бидат сериозни, уште пред конституирањето на Собранието да се спогодат за деловник. Конститиурањето на Собранието, заклучно со формирање на комисии и членови во тие комисии да биде апсолвирана тема уште пред да почне работата на тој Парламент. Мислам, дека тоа е една убава пракса и е едно сведоштво за деловност, што за жал, ние во овој мандат не го потврдивме. Но, мислам дека оваа синтеза на различни решенија од нашиот Деловник и за нив ќе биде добра инспирација.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван предлагач на текстот Горан Невеновски, почитувани членови на Владата,

Сакам да го искористам моето деловничко право да кажам како ќе гласам. Сметам дека останува, покрај десетгодишното чекање на Парламентот, конечно, да донесе Деловник по теркот и по потребите за работата на Собранието, сепак, една изнудена политичка ситуација и невиден притисок, кој се служи минатата година во Република Македонија, го донесе овој Деловник овде да се гласа денес, а не природниот пат на зрели политички услови да се донесе денес.

Еве јас некои моменти кои сеуште мислам дека не се доречени во овој Деловник, ќе ги кажам, заради што не можам да се одлучам да гласам за овој Деловник, иако како што кажа и претходниот говорник во него има и некои позитивни регулирани моменти, заради кои имаше проблеми во работата во минатиот период во Собранието. Јас сакам да кажам дека не можам да се согласам со гласањето на еден Деловник во кој, за мене, не е издевилиран ставот од членот 210, каде што овој Парламент ќе бара одговорност на претседателот на Републиката со најмалку 30 пратеници. Проблематична е оваа политичка ситуација, која се воведува со овој Деловник за контрола на претседателот на државата, без разлика кој е претседател и која Влада е една политичка група од 30 пратеници секогаш ќе може да покажува политичка непринципиелна сила кон претседателот на државата, што мислам дека е уште едно нарушување на политичките односи во Република Македонија и изместување кон центрите на политичката моќ, партиските центри, кои најчесто се во Владата. Значи, овде оние кои владеат со Владата, ќе можат повторно да вршат непринципиелни притисоци врз една институција, како што е претседателот на државата. Верувам дека е техничка грешка и во самиот текст сеуште дека во член 211, став 1 на членот 209 од Деловникот, се мисли на 210 на овој член. Јас го молам предлагачот да погледне и веројатно сам да ги исправи тие работи во член 211 и во член 214, каде што се зборува за став 1 на член 209. Веројатно, се мисли за став 1 на член 210. Ако е тоа неточно, еве, нека ме исправи. Значи, односот, ова е едно ново изместување на односот Владта - претседател на држава и Парламент во корист на една политичка моќ на Владата и сметам дека ова е мало парламентарно мнозинство кое може да покренува постапка за одговорноста која завршува пред Уставниот суд.

Сметам дека најмалку 50 пратеници треба да покренуваат, а со тоа ќе има објективност ако настане таква ситуација, за која претседателот на државата ќе биде одговорен за некоја ситуација. Вака, само ја насочуваме, волгарно да кажам, го дисциплинираме претседателот на државата, што не е добро за воопшто општествениот систем во Република Македонија и институцијата претседателот на државата и односот на институциите.

За мене е дискутабилно исто така, му укажувам на предлагачот, во членот 175, на пример, делот каде што сеуште останува отворено по други вонредни неодложни потреби за итна постапка на донесување на законот една голема дупка, пак законите многу лесно во овој Парламент да одат по итна постапка. Една од раните на овој Парламент, на сите парламенти досега, на сите плурални парламенти, беше лесно минување на законите низ процедурите во Републичкото Собрание и сите имаме консензус дека постапката треба да иде по редовен пат. Овој член остава, сепак, една пукнатина низ која можат да влезат многу лесно пак по итна постапка многу закони кои не го заслужуваат тоа, туку напротив, за нив треба постапка која е редовна и која ја заслужуваат и граѓаните и пратениците на Република Македонија.

За мене технички е неприфатлива оваа точка во делот каде што е во членот 30 и се вели дека евиденционен лист треба да се стави од 10 до 12,30 часот, што е многу сувопарно. По мое размислување треба да стои два часа пред почетокот на седницата, бидејќи седниците се закажуваат, сепак, спрема условите, договорите и програмите што ги прават идното, условно речено претседателство, кое го нема во овој Деловник, претседателот, потпретседателите и координаторите. Според тоа, сметам дека треба да се даде една полесна обврска која би била поисполнива и тоа два или да и пол часа пред почетокот или од почетокот на седницата. Меѓутоа, оваа сувопарност од 10 до 12,30 воведување

евидентен лист за пратениците е сувопарен дел, кој во праксата многу тешко ќе заживее.

Заради сите овие ставови и оној став каде што најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија можат на седници да зборуваат и на работните тела што воведува многу трошоци и нови процедури во Собранието, бидејќи и на работните тела ќе се зборува на јазикот кој го зборуваат граѓаните кои се 20%. А, во стариот Деловник можеа да го зборуваат барем на седниците сите граѓани на Република Македонија на мајчиниот јазик, па затоа не можам да гласам за овој Деловник.

Сакам на крајот од Деловникот, во правилникот што ќе се донесе во иднина, една сугестија до претседателот на Собранието и идните структури дека во овој Парламент, за мене, технички една чиста сугестија, недостасува часовник со секундарник, заради чинот на гласањето и мислам дека службите на Собранието треба да размислат за една таква работа која постои во многу парламенти, во сите парламенти.

Втората работа, која недостасува во техничката работа во Парламентот е тоа јавно истакнување на листата на пријавени говорници некаде тука видлива за сите, што мислам дека ќе го зголеми квалитетот на транспарентноста на работата на Собранието и ќе ги намали можните сомневања за манипулација евентуално на претседавачот при давање редослед на говорницата. Бидејќи, единствениот начин на кој можат сега да проверат пратениците доаѓање до оваа маса и тука воопшто.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Значи Предлог на Деловникот на Собранието го ставам на гласање.

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Пред да се изгласа Деловникот, морам да кажам неколку збора како член на Комисијата, група кои сме работеле некаде околу 3-4 месеци на овој документ. Имено, се работи за Деловник или акт кој има околу 240 члена и мислам дека е добро хармонизиран со ставовите на Советот на Европа и Венецијанската комисија и другите структури, освен членот 3 кој изгледа е како вообичаено прашање, рак рана, кој никако да се изнајде некое рационално решение или решение кое соодветствува со Рамковниот договор. Имено, ние имаме и сеуште мислам дека имаме, имавме и имаме сто околу членот 3, кој го уредува прашањето на употребата на другите јазици освен македонскиот јазик. Тука има решение кое се нуди на решението на основниот документ предложен пред 4 месеци и ништо од тоа не е променето и не е во согласност со Рамковниот договор. Зошто велам така? Велам така од причина што, додека во изворниот документ на Рамковниот договор и на англиската верзија и на верзијата на македонски јазик се кажува дека претставниците, а се мисли на пратениците кои зборуваат друг јазик, освен македонскиот јазик, а кој јазик се зборува од заедницата која претставува најмалку 20% од вкупното население во државата, има право да се обраќа, а не да зборува, како што стои тука, на Собранието и на работните тела да се обраќа на тој јазик и потоа додава во загради во согласност со членот 7 на Уставот односно анексот б, кој го уредува прашањето на измените во однос на употребата и на јазикот. А, анексот б, односно амандманот 5, ставот 5 од амандманот 5 кажува дека во државните органи друг јазик, освен македонскиот јазик се користи како службен јазик уреден со закон. И, тука ние дијаметрално со ова решение кое го предлагаме се косиме со Рамковниот договор и тоа начелно се косиме. Затоа, од такви причини лично јас како член на Комисијата барав мислење од експертската група на Советот на Европа и Венецијанската комисија, ова е документот на Венецијанската комисија, верзијата и на англиски и на македонски јазик, а ова е документот на експертската група на Советот на Европа. Тие даваат многу слични толкувања на тоа што беа наши односно мои барања во Комисијата за деловнички имунитетни прашања. Од таквите причини јас мислам дека овој Деловник, барем од моја страна нема да се поддржи, така што ќе се воздржам од гласање, така што со цврсто убедување дека тоа не соодветствува со Рамковниот договор. Инаку, многу ми е жал што едноставно толку многу се експлоатира национална енергија, да не кажам националистичка енергија, за да се профитира, а цехот од тоа ние го плаќаме перманентно. Се плашам дека сеуште не можеме да се ослободиме од манипулација на енергија, која

претставува изор на деструктивност во државата и мислам дека најверојатно ако се продолжви со овие трендови, ние не уживаме морален кредибилитет да ги претставуваме граѓаните. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Се јавува Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Деловникот е резултат или производ на Рамковниот договор. Поради срамот од македонските граѓани Рамковниот договор и Деловникот е носен во вечерните часови, темпирано време кога граѓаните не можат да следат.

Господо пратеници, требаше да знаете дека се има цена, само едно не, а тоа е државата. Пратениците на ВМРО Македонска како чесни, доследни на македонската кауза беа против Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ве опоменам, сега зборувате само во свое име, никакви пратеници на ВМРО Македонска.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Логички е сосема да бидат против Деловникот, со кој се воведува двојазичност во Собранието на Република Македонија. Зарем двојазичноста, господа пратеници, паѓа во човекови права. Повеќе е од очигледно дека со Деловникот се сака да се постигне друга цел, а целта е да се воведе двојазичноста не само во Собранието, туку и во државата. Сето тоа сакам да го потврдам со една изјава на г. потпретседател на ДПА, Мендух Тачи, кој вели: "јас длабоко во себе ја посакувам Албанија". Сметам дека нема потреба од коментари и нема да гласам за овој Деловник. Да се зборува на друг јазик, освен на македонски во ова Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам сите да седнете на своите места и да минеме на гласање.

Предлогот на Деловникот на Собранието го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржано гласале 12 и против гласале 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на четвртата точка - Предлог на закон за адвокатурата

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 4 став 1 точка 1 и на член 42 став 1 алинеја 1 и тие се составен дел на текстот на пред-логот на законот.

Пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев поднесоа аман-дамни на член 4 став 1, за бришење на точка 1, член 16 став 1, за бри-шење на член 42 и за бришење на член 43 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски под-несоа амандмани на член 10, член 17 став 4, член 18 став 2, член 38 став 2, член 42 алинеја 1, 2, 4 и 5 и на член 43 алинеја 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за бришење на точка 1, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 82 пратеници, за гласале 15 пратеници, воздржано гласале 19 пратеници, и против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 сав 1 поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе , политувани дами и г-да пратеници,

За претходниот амандман неможев да стигнам. Сметав дека ќе се јават други кандидати и ќе стигнам на време, но не

стигнав. Еве стигнав сега и ќе зборувам по овој, вториот амандман.

Член 16 став 1 , зборовите "правна помош" се бришат, а се бројат и зборовите "и вршење на јавни овластуваша".

Сакам да дадам образложение.

Во член 16 став 1 од предложениот заокн за адвокатура е предвидено вршењето на јавните овластувања, адвокатот поединец и адвокатите зружени во адвокатско друштво да ги добиваат со полномоштво издадено од странка, кое адвокатот сам го заверува со свој печат.

Вршењето на јавни овластувања, адвокатот поединец и адвокатите здружени во адвокатското друштво не можат да ги добиваат со полномоштво издадено од странка. Вакво нешто е оневозможено затоа што јавните овластувања мора да произлегуваат од Законот. Заправо беше спомнато тоа во член 4 став 1 точка 1 , од предложениот закон за адвокатурата, според кој адвокатите ги потврдувале записници на собранијата, на трговските друштва, заклучоци на собранијата и сл .

Имајќи предвид дека станува збор за застапници, адвокати кои се полномошници на странки, можни се и ситуации кога ќе има повеќе адвокати. Тогаш се псотавува прашање кој записник, од кој адвокат ќе биде веродостоен. Во таков случај секој од адвокатите ќе претендира кон тоа дека неговиот записник е веродостоен. Се разбира дека сето тоа ќе се случи кога записниците се разликуваат. Очигледно е дека адвокатот не е повереник на странките и не ќе може да го има ова овластување, а најмалку тоа јавно овластување да го добие со полномошно кое ќе му го издаде странката. Што ако правното лице го овласти адвокатот, и во исто време акционерите овластат свој адвокат, чии записници ќе бидат веродстојни , во случај кога тие се разликуваат. Или што ќе се случи ако правното лице не сака да овласти адвокат, а записникот го водат лица овластени од органи на правно лице, а за тоа акционерите имаат овластени адвокати. Бидејќи се работи за различни интереси на акционери , како повереник на сите да биде само нотар. Тој согласно законот има јавно овластуваше и должен е да биде непристрасен и да ги констатира состојбите такви какви што се. Во спротивно тој ќе одговара и е должен да ја надомести штетата што би ја причинил.

Поради напред изнесеното, зборовите "и вршење на јавни овластувања од адвокатот со полномошно дадено од странката" предвидени во во член 16 став 1 , предложениот закон за адвокатура, треба да се бришат.

Сметам дека ќе биде поддржан овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Олома Сулејмани:

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Му благодарам на г-динот Симев што се приклучил кон моите амандмани и се надевам дека треба да имама поддршка и од други пратеници бидејќи овој закон кој ни се нуди на крајот на мандатот, мислам дека е беспредметен, а може да се рече дека е за тесни интереси на наши колеги кои се адвокати и кои после, веројатно, ја гледаат својата перспектива во својот професионализам, што значи адвокатура. Меѓутоа, јас да не должам многу, ви гарантирам дека овој закон ќе падне на Уставен суд, бидејќи неоправдано се земени ингеренциите на нотарите од страна на адвокатите. Така што експертите кои јас ги познавам кои работат на оваа проблематика, сите ме убедуваат дека овој закон е закон кој, за жал, закон кој не е поддржан од страна на министерот г-динот Иџет Мемети.

Сега го молам заменик министерот кој е тука присутен нека каже пред јавноста, кога поминале амандманите во Влада, дали бил присутен г-динот министер Иџет Мемети. Тоа е првото прашање. Второ, ако тој бил, значи тој се согласил со тоа, а јас мислам дека тоа не е така.

Затоа го прашувам заменикот министер Вељановски, каде му е министерот .

Од моите информации што јас ги имам, ако министерот беше предлагач односно ако се согласил со овие измени и дополнувања на Законот, тој ќе беше денеска присутен тука и ќе го бранеше Законот.

Меѓутоа, Законот го потпишал премиерот па мислам дека владините коалициони партнери носат закон на брзина кој закон ќе им служи на поединци, наши колеги пратеници.

Сакам да кажам дека нема повеќе да се јавувам да ги бранам амандманите бидејќи има доволно образложение дадено а тие навреме се поделени на пратениците и верувам дека би били искрено правниците да го кажат тоа што значи косење со законите, за правосудство, адвокатура и нотарската работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 21 пратеник, воздржано гласале 19 пратеници, и против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 42, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангелс Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Очекував дека и други пратеници ќе се вклучат во расправа. Бидејќи никој не се вклучува, должен сум да излезам и да ги застапувам интересите на нотарите.

Со ова не сакам да се спротивставам на адвокатите, најмалку ја имам таа намера, туку што имав еден мал контакт со нотарската Комора, кои ни го подготвија овој амтеријал и ме замолија да го изенсам , затоа што е во интерес на државата, да не се создаден еден правен хаос во државата.

Амандман 3, поточно тоа е член 42, да себрише.

Образложение:

Со член 42 став 1 од предложениот закон е предвидено дека со влегување во сила на предложениот закон за адвокатура, престануваат да важат повеќе одредби од некакви закони, од аспект на работењето на нотарите, а од значење на алинеите 1, 3 и 5.

Со првата алинеја е предвидено да престанат да важат одредбите од членовите 15, 16, 41, 41-а, 42, 43, 50, 56 и 138, од Законот за вршење на нотарски работи, како и сите одредби што се однесуваат на право на нотарот да составува исправи, нотарски акти, и да застапува.

Со третата алинеја е предвидено да престани да важи став 3 член 9 од Законот за залог на недвижнини, предмети и право.

Со петтата алинеја е предвидено во став 2 член 50 да важат зборовите "со нотарски акт" и првата реченица од став 4 на член 199 од Законот за трговските друштва.

Одредбите од напред цитираните алинеи, 1, 3 и 5, од Пред-ложениот член 42, како и останатите одредби од овој член треба да се бришат затоа што ако тој не се брише, нотарите, согласно законот за вршење на нотарски работи, нема да можат да ги вршат своите јавни овластувања кои се дадени со Закон кој е во сила, не повеќе од четири до пет години, а тогаш излеговме со пафалби дека нотарскито закон многу ќе помогне за брзо решавање на законите кои треба да придонесат за пазарната економија. Сега истиот тој Закон го негираме.

Имено, не ќе можат нотарите да составуваат нотарски исправи во форма на нотарски акт, не ќе можат да составуваат нотарски изјави, не ќе можат да потврдуваат акти, не ќе можат да прават записници во кои се констатираат одредби, состојби и штети, записници на собранијата на трговските друштва , не ќе можат да земаат нотарски депозит, од причина што е потребно да се состави нотарски записник. Значи треба да се укине нотарскиот депозит. Понатаму не ќеможат да земаат изјави за последна волја и тн. Имено, кажано со одредбите , предвидени во член 42 од предложениот закон за адвокатура, на нотарите им се одземаат сите јавни овластувања и нивната дејснот се сведува само на заверка на потписи .

Ако тоа беше индицијата на законодавецот при донесувањето на законот за вршење на нотарски работи, нотаријатот како јавна служба немаше ни да се основа. Напротив, интенцијата на законодавецот беше е и уште повеќе ќе биде да се одземат сите јавни овластувања кои ги имаат судовите. Дури законот предвидува, судовите, според посебен закон да можат да им проверуваат и други работи, проверени рабори. Овие работи ќе мора и понатаму да ги вршат нотарите. Поради тоа се предлага член 42 од предложениот закон, адвокатурата да се брише за да можат нотарите да ги вршат своите јавни овластувања. Тие ќе мораат и поматаму како и досега да составуваат нотарски изјави, во форма на нотарски акти, нотарски записници, потврди и сл. Ова до толку повеќе што на нотарите им е дадено овластување кое до скоро го имаа судовите, а тоа е да вршат реализација на хипотеки и залоги. Ова овластување е дадено по барање на меѓународните институции, поточно Светската ванка и др.

Ако нотарот неможе да составува исправи , нотарски акти и записници ,

потврди и сл. незамисливо е како тој ќе ја врши реализацијата на хипотеките и залогот.

Во оваа прилика само ќе напомнам без посебно да елаборирам дека нема земја во светот во која на нотарот му се одзема можноста да составува нотарски исправи, нотарски акти, нотарски записници, потврди и сл.

Одредбите од Законот за трговските друштва неможат да престанат со овој закон затоа што овој закон е донесе со 2/3 мнозинство, а за донесување на овој Закон тоа не се бара, што значи е спротивно на Законот. Не е можно со закон кој се носи со просто мнозинство да се укинуваат одредби од системски закони, за чие донесување се бара 2/3 мнозинство. Токму тоа сега го сакаме со овој закон.

Ако престанат да важат напред наведените одредби, се доведува во прашаше вршењето на овластувашата кои со закон им се доверени на нотарите. Формулацијата употребена во член 42 став 1 алинеја 1, според која треба да престанат сите одредби што се однесуваат на правото на нотарот да составува исправи, нотарски акти, е невообичаено и како такво создава проблеми и дилеми во поглед на неговата примена, поради тоа што е во директна спротивставеност со член 8 алинеја 3 од Уставот на РМ, со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на РМ.

Нотарот има овластувања да составува нотарски акти,нотарски исправи и записници и според други закони кои во овој член не се предвидени, да престанат да важат, што создава уште поголеми проблеми и нејаснотии во примената на предложениот закон за адвокатура, поради што тој е во директна спротивставеност со принципито на владеењето на правото во државата.

Посебно укажуваме на фактот дека нотарите, согласно предложениот закон за договорен залог, кој е во собраниска постапка, а кој е усогласен со експертите од Светската банка и според нив на нотарите им се дадени овластувања во тој закон да вршат реализација на залог.

Дека тој закон неможе да се применува од причини што со овој Закон на нотарите им се одзема овластувањето да можат да составуваат нотарски акти, нотарски исправи и записници. Практично со член 42 од предложениот закон се предвидува упад во правниот систем и се суспендираат бројни закони, што е спротивно на принципот на владеењето на правото.

Со неможноста нотарите да составуваат нотарски исправи, нотарски акти, нотарски записници и сл. се создава исклучив монопол за адвокатите што го нема ни во една држава. Создавањето на монопол е во спротивност со одредбите на Уставот на РМ.

Напротив, не само што треба нотарите да составуваат нотарски записници и потврди, како што тоа го прават нотарите во сите земји каде што постои нотаријат, но предложениот закон за адвокатура, како што е правото на нотарот да составува исправи, нотарски акти, е невообичаено и како такво создава проблеми и дилеми во поглед на неговата примена, поради тоа што е во директна спротивставеност со член 8 алинеја 3 од Уставот на РМ, со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на РМ.

Нотарот има овластувања да составува нотарски акти, нотарски исправи и записници и според други закони кои во овој член не се предвидени, да престанат да важат, што создава уште поголеми проблеми и нејаснотии во примената на предложениот закон за адвокатура, поради што тој е во директна спротивставеност со принципито на владеењето на правото во државата.

Посебно укажуваме на фактот дека нотарите, согласно предложениот закон за договорен залог, кој е во собраниска постапка, а кој е усогласен со експертите од Светската банка и според нив на нотарите им се дадени овластувања во тој закон да вршат реализација на залог,

Дека тој закон неможе да се применува од причини што со овој Закон на нотарите им се одзема овластувањето да можат да составуваат нотарски акти, нотарски исправи и записници. Практично со член 42 од предложениот закон се предвидува упад во правниот систем и се суспендираат бројни закони, што е спротивно на принципот на владеењето на правото.

Со неможноста нотарите да составуваат нотарски исправи, нотарски акти, нотарски записници и сл. се создава исклучив монопол за адвокатите што го нема ни во една држава. Создавањето на монопол е во спротивност со одредбите на Уставот на РМ.

Напротив, не само што треба нотарите да составуваат нотарски записници и потврди, како што тоа го прават нотарите во сите земји каде што постои нотаријат, но предложениот закон за адвокатура, како што е тоа секаде да предвиди обврска ,

адвокатите при давањето на услуги на граѓаните и правните лица, при составувањето на правни исправи, записници и сл. Еве сега требе да ги почитуваат одредбите од Законот за вршеше на нотарски работи, во поглед на формата и содржината за да може нотарот истите без никакви проблеми да ги завери и потврди, во спротивно нотарот ќе бара тие да бидат усогласени и по форма и по содржина, со Законот за вршење на нотарски работи. Во спротивно, нотарот не смее да изврши заверка односно потврдување. Ако ова се почитува, а тоа треба, без никакво двоумење да се предвиди во Законот за адвокатура и да се почитува. Тогаш нотарот не смее да врати акт - правно дело, исправа, записник, потврда и слично, а да не го завери. Со ваквиот начин ќе се воспостави и доверба и соработка на адвокатот со нотарите. Тоа ќе биде онаква каква што во сите земји со децении и години функционира адвокатурата и нотаријатот се практицира.

Од напред изнесеното кое се однесува на формата и содржината на она што го работат адвокатите, а треба да се заверува и потврдува кај нотарите, произлегува дека мора да се почитуваат одредбите од Законот за вршење на нотарски работи од причини што тие акти - правни дела, исправи, записници и слично нема да важат во странство, со што граѓаните и другите правни субјекти на Република Македонија ќе бидат оштетени. Ќе се доведат во незавидна состојба. За да се избегне меѓународното непризнавање на правните дела, исправи, изјави, потврди и сл. кои ги составиле адвокатите во Република Македонија, а ги завериле нотарите во Република Македонија ќе мора да се почитуваат одредбите од Законот за вршење на нотарски работи без оглед кој го составил правното дело или исправа. Секако никој во Република Македонија, а најмалку адвокатите не сакаат нивните исправи да не бидат меѓународно признати. Напротив, обврска на адвокатите е нивната правна помош да биде во составување на исправи или во застапување на се она што е во нивниот делокруг да биде на едно високо професионално ниво.

Поради сето напред изложено, сметам дека предложениот амандман треба да се усвои и член 42 од предложениот закон да се избрише. Благодарам за вниманието.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Илјаз Халими, потпретседател на Собранието).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Вангел Симев.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, од кои 23 за, 12 воздржано и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 42, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев.

Олгворам претрес по амандманот за бришење на член 43, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави господинот пратеник Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, во член 43 став 1 алинеја 1 и 2 е предвидено дена со денот на влегувањето во сила на предложениот закон престануваат да важат членовите 83 ставовите 1 и 4 од Законот за парнична постапка и член 58 од Законот за општа управна постапка.

Без да навлегуваме во елаборација за тоа дали треба овие одредби да престанат да важат, иако сметаме дека тие и понатаму треба да останат во сила, укажуваме дека со укинувањето на овие одредби со предложениот закон не е можно од причини што е усогласено со Уставот на Република Македонија за донесуваше на закон за парнична постапка и закон за општа управна постапка каде е предвидено 2/3, што не е случај со предложениот закон.

Поради ова не ќе можат да се укинат одредбите наведени во членот 43 од предложениот закон.

Од овие причини предлагаме да се усвои предложениот амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Вангел Симе.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од кои 22 за, 13 воздржано и 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 43, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Вангел Симев.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратениците

Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 17, стдв 4 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 38,став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 42, алиенја 1,2,4 и 5 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 43, алинеја 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТРАЈКО ВЕЛЈАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставници на Владата, Сметам дека текстот на Законот за адвокатура кој е утврден од овој Парламент преку амандманската расправа во основа дава можност да се истакне и да се оствари значењето на адвокатурата која ја има во секој правен систем и во правниот систем на Република Македонија. Сметам дека преку овој закон адвокатите и адвокатурата ќе ја остваруваат својата уставна положба, уставни права и правата загарантирани на граѓаните на правна помош, правилно застапување и целосно остваруваше на правниот систем преку сите институции на системот.

Се она што значеше во расправата и во амандманите сметам дека има одредени непотребни отворања на прашања кои во основа се она што значи за адвокатите, предизвикувањето на штрајкот, давањето на амандманите од госпиднот Томислав Стојановски и Жарко Караџоски создадоа една правна заблуда, ќе дојде до една правна нечистотија и најавување на преиспитување на текстот на законот кога ќе биде изгласан во овој Парламент во одреден дел на сегменти ќе биде предмет на Уставниот суд.

(Пратеникот бара тишина да може да зборува).

Прво, не кажувам како ќе гласам, имам право расправа е по текстот на законот.

Тоа ќе отвори одредени непотребни правни прашања и дилеми во делот на уставноста на одредени одредби кои имаат многу важно и силно влијание на функционирањето на правниот систем. Тоа е одредбата која е прифатена од страна на заменикот министер и кој адвокатурата ја дефинира како самостојна и независна јавна служба која единствено обезбедува и дава правна помош, што е различно од уставната дефиниција на адвокатурата. Во тој дел јас и во општиот претрес укажав, и сега по текстот би сакал да укажам.

Ваквата правна положба на адвокатурата е во колизија со голем дел на закони кои ова Собрание ги усвои и одреден дел од закони кои укинуваат одредби од овој закон. Особено тоа е Законот за парнична и управна постапка, се укинуваат одредени одредби, а и тие закони се донесени со 2/3 мнозинство. Уставот е јасен овој Парламент не може со закон да укинвуа закони кои се донесени согласно Уставот со квалифицирано мнозинство, со 2/3 мнозинство. Најсвежиот пример по текстот кој би сакал да му го поставам на заменикот министер кој го прифати амандманот за ваквата правна дефиниција на адвокатурата и на господата предлагачи.

Ние, на наредната седница, новата седница која треба да започне во 16,00 часот имаме закон за служба во Армијата на Република Македонија.

Законот и Предлогот на закон сигурно ќе додје во предметна расправа по тој закон и сигурно уводничарот министерот за одбрана треба да ги земе во предвид одредбите кои сигурно ќе бидат изгласани, па би сакал Парламентот односно претставникот на Владата кој треба да ги координира сите закони, да го надградува правниот систем и да гледа дали сит езакони се во согласност со Уставот, да го прашам, да одговори, што ќе превземе Владата во делот на член 17 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија кој гласи: "Ако против воено лице се води кривична прекршочна или процесна постапка заради употреба на присилба или огнено оружје и заради други интервенции во врска со вршење на службата, како и заради учество во сообраќајна незгода со моторно возило или незгода причинета *со* друг вид воено техничко средство при вршење на службата, Министерството за одбрана му обезбедува бесплатна правна помош во врска со водењето на постапката". Тоа е ставот 1.

Ставот 2 од членот 17 гласи: "Правната помош од ставот 1 од овој член ја

пружаат дипломираните правници со положен правосуден испит вработени во

Министерството за одбрана".

Со дефиницијата на адвокатурата како единствена, самостојна која единствено обезбедува и дава правна помош за сите воени лица понатаму и ставот 3 од членот 17 "правна помош од став 1 ќе му обезбедува на војник и по негово отпуштање од Армијата до правосилното завршување на поведената постапка, по негово лично овластување", што значи сите дипломирани правници со положен правосуден испит вработени во Министерството за одбрана кои бесплатно, квалификувано треба да даваат правна помош на сите професионални војници, на сите војници во служба и на армијата, на сите офицери нивни семејства со оваа одредба не можат тоа да го прават. Ова е само еден пример во колизија со целокупното законодавство.

Затоа, сметам дека Владата делумно со усвојување на амандманите на колегата Стојановски и Караџоски увиде дека направи одредени поголеми правни недоследности затоа самата Влада даде одредени амандмани во делот спрема нотарите исправи некои неправди што беа во делот на запишување на делот на подвижни предмети. Со текстот и ваквата формулација кој ќе биде усвоен од пратениците, бидејќи во основа законот е прифатлив, сметам дека предизвикуваме правна нерамноправност спротивна со законите и неусогласеност со Уставот на Република Македонија. Не доведува до надградба на правниот систем, а најмалку ваквата строга и цврста формулација за адвокатите како единствени кои треба да даваат правна помош е непотребна во правниот систем на Република Македонија. Авокатите правна помош да им даваат на граѓаните кои ќе се обратат, но не со сила, туку доброволно, стручно и квалификувано.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Гештаковски. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од кои 63 за, 2 воздржани и 9

против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за адвокатурата.

Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за терминска условна продажба на акции при приватизација на "Електростопанство на Македонија".

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Предмет на овој предлог-закон е задолжување на Република Македонија кон Европската банка за обнова и развој по Договорот за условна продажба пред приватизацијата на "Електростопанство на Македонија" помеѓу Владата на Република Македонија и Европската банка за обнова и развој. Иако овој наш предлог на закон е доставен на 25 јуни 2002 година, ние како пратеничка група побаравме да го видиме Догово-рот кој за датум го има 10 јули. Очигледно притиснати од притисокот не само на парламентарната група, туку и на целокупната јавност овој договор е направен после иако во себе вклучува доста работи кои се далеку од главната идеја на предлагачите, а тоа е продавањето на "Електростопанство на Македонија".

Инаку, овој предлог на закон во суштина во себе има две работи, а тоа е задолжувањето на Република Македонија да ги покрие обврските што Република Македонија ги има преземено спрема консултантската куќа на Мајнел банк која учествува во процесот на приватизација како консултант ангажиран од Владата на Република Македонија.

Второ, нормално да ги покрие активностите на актерите на домашната сцена претставени преку министерот Груевски и министерот Фетаи како претставници кои наизменично се менуваат, како што стои во Договорот, во преговарањето со Европакста банка за обнова и развој.

Нормално, вишокот пари што ќе остане, тука сме, нема бегање, изборната кампања е на праг. Приватизацијата на "Електростопанство на Македнија" воопшто не е толку едноставен проект како што сака оваа Влада тоа да ни го прикаже, а уште помалку е проект кој што треба да е прикриен под превезот на тајноста како во случајот на "ОКТА", земајки во предвид дека "Електростопанство на Македнија" има многу важно стратешко значење за економскиот и енергетскиот развој на РМ. Очигледно оваа Влада губејки нерви пред почетокто на изборната кампања и знаејки ја судбината покрај тоа што се решава своите партиски активисти да ги удоми во повеќе институции во РМ , после Законот за поштански услуги и неизвесниот пат на нашата Пошта, останвуа последниот гигант во Македонија и стопански субјект да го распродаде, а тоа е "Електростопанство на Македонија". И тука без разлика што сме длабоко навлезени не само во летниот период, туку сме навлезени пред малку пред изборната кампања, точно месец дена пред да започне, не се либи тоа да го направи, да ни го понуди тука пред нас на расправа. Пред се треба да се знае дека за да се оствари приватизацијата на "Електростопанство на Македонија" мора да се исполнат некои услови како што се реорганизација на "Електростопанството" и негова поделба на посебни холдинг компании по вертикала, производство, пренос, дистрибуција, диспечинг, како и усвојување на законска регулатива од областа на енергетиката која ќе кореспондира со законската регулатива на Европската Унија. За да се реализира приватизацијата на "Електростопанство на Македонија" како што прилега на една нормална демократска држава се разбира тоа не може да го оствари Влада како што е нашата во моментов. Треба да се обрне внимание на следните елементи: модели на приватизација, дали таа ќе биде целосна, приватизација по делови како што реков производство, пренос, дистрибуција, или диспечинг, или пак приватизација на некој пилот систем да се приватизираат одредени електрани кои што реално произведуваат електрична енергија по највисока цена за да би се оценила успешноста на приватизацијата. Таков е примерот со Бугарија која ги приватизираше термоелектраните во Бургас кои произведуваат електрична енергија по највисока цена.

Второ, оцена на временскиот фактор за приватизација на "Електростопанство на Македонија", односно дали е вистинскиот момент за приватизација на истата, дали е направена реорганизација на "Електростопанство на Македонија" во неколку холдинг компании за производство, пренос, дистрибуција со засебни економски сметки, каков е степенот на ризик за инвестиции во моментов во нашата земја. Во овој момент сигурно дека тој е највисок ризик за вложување на странски инвеститори и дали постои законска регулатива претпчена во регулаторна комисија која што ќе ја видиме нејзината судбина некаде на дванесеттата точка од овој дневен ред.

Еден од најбитните елементи при приватизацијата на "Електростопанство на Македонија" е одредување на номиналната вредност на "Електростопанството" што треба да биде задача на консултантската куќа најмена за таа цел. Основни задачи на консултанската куќа се следниве: длабинска анализа на работите на "Електростопанство", каде што ќе се оцени состојбата на опрема, финансиската состојба, развојната програма, предлог за реорганизација на "Електростопанството" која што треба да ја реализира Република Македонија, избирање на моделот на приватизација, целосно, или по делови, дали новиот сопственик на "Електростопанство" ќе биде една компанија, или пооделни холдинг компании ќе се приватизираат од различни компании, проценка за вредноста на "Електростопанство на Макеодоија", подготовка на тендерот за продажба на "Електростопанство на Македонија", подоготовка за критериуми за евалуација на понудите економски, енергетски, развојни, еколошки. А тоа многу добро и систематично е објаснето во план 5 насловено како точки за напредок од Договорот за условна продажба на акции што треба да го потпише нашата Влада и Европската банка за обнова и развој. И тука се сите тие точки и постапки како тоа нормално изгледа од страна на Европа и како тоа треба да се направи, како тоа е регулирано согласно директивите на Европската Унија и тука нема ништо спорно. Спорно е, зошто во овој Договор што е 50-тина страни никаде не се наведува дека ние мора да го приватизираме "Електростопанство на Македонија" за 18 месеци и зошто ние треба да приватизираме 51%. Како ќе се приватизира, кои делови, на кој начин, треба да каже регулаторната комисија, треба да кажат експерти кои се наброени во Договорот дека тоа треба да се одвива во неколку точки и за сите тие точки ние треба да добиваме одредени средства овде изразени во проценти. За разлика од тоа ние се договараме дека ќе приватизираме 51% и за 18 месеци. Што ќе се случи доколку тоа не се направи? Овој предлог на закон сакајќи набрзина да донесе нешто, решава да земе 45 милиони евра со кои што реков треба да покрие странски активности, домашни актери, а услов дека ние за тој кредит не треба да плаќаме пенали, или не треба да плаќаме некои други обврски, е тоа да го приватизираме "Електростопанство на Македонија" за 18 месеци. Ниту знаеме кои делови, ниту знаеме како, ниту е формирана комисијата, ниту знаеме точката 12 дали ќе дојде на ред денес, утре, или до 15 септември, но ние знаеме дека ќе ја приватизираме за 18 месеци и ако не , тогаш согласно член 5 доколку во предвиденито рок од 18 месеци за приватизацијата на "Електростопанство на Македонија" не се изврши приватизација на 51 % од делот на ЕСМ. Никој не не тера на тоа, уште еднаш да нагласам, никој не не тера на тоа. Треба да се приватизира , Владата на Република Македонија, нормано тоа ќе биде следната Влада ќе го отплати позајмениот износ зголемен со камата либор плус 1 % во рок од 90 дена од добивањето на барањето од Европската банка за обнова и развој. Ако до наведената приватизација не дојде поради околности кои не се под контрола на Владата, нормално пак тука се некои фиансиски обврски. Затоа , овој Договор кој во себе вклучува нормативни акти и правила на игра кои важат во ЕУ не е преточен овде во Договорот што ние мораме тука набрзина да го продадеме , создаваат обврски и тоа не реални обврски што граѓаните на РМ најдобро ќе ги осетат, бидејќи овие пари од 45 милиони евра кога не ќе можеме да го исполниме условот за 18 М9сеци да го приватизираме, ќе мроа да го плаќаме сите ние.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници. Господо, ако има вистина и ако Вие самите

верувате во тоа дека ќе ги добиете овие септемвриски избори, причекајте и стрпвте се барем уште два и пол месеци. Незнам зошто толку брзате, па после тоа натенане како што знае да каже македонскиот народ, објавете тендер и ако сметате и да не убедите , продадете го "Електростопанство на Македонија". Немојте на овој начин во четири очи да злоупотребувате. По сите логики и законитости, битни одлуки последните 30 дена не е дозволено да се носат. А замислете си вие, недела дена пред распуштањето на ова Собрание вие го носите најбитниот закон што е донесен од осамостојувањето на Македонија до денес. Мудрите луѓе за брзите и значајни одлуки имаат една многу убава мисла, а таа е: брзата кучка слепи кучиња раѓа. Зошто брзаме? Навистина не можам да сватам зоште брзаме. Изборите ни се на прагот, за 7 дена веќе е распуштено ова Собрание. Ако на сето ова се додадат трите најголеми кражби на долговековната милениумска историја на Македонија, на целиот макеоднски народ ќе му стане јасно зошто последните 4 години е направен целокупниот пустош токму во оваа држава. Бидејки не знаете, јас ќе ви кажам.

Прво, за кражба на деценијата ја сметам приватизацијата со над 90% дисконт за најатрактивните стопански објекти и рудници.

Второ, за кражба на столетието ја сметам приватизацијата на "Телеком".

Трето за кражба на трите милениуми е продажбата на "Електростопанство на Македонија"

Со последната кражба дури Крстот на Водно ќе се засрами, затоа што со продажбата на "Електростопанство на Македонија" во државата ќе завладее мрак во сите дејности и во сите сфери. Зарем тоа

Европската банка за обнова и развој планира да одобри предприватизационен заем за "Електростопанство на Македонија" во вредност од 45 милиони евра. Господо, што е многу, многу е за оваа бедна и сиромашна земја и понатаму некој да ја задолжува. Прашувам зошто Европската банка сака да инвестира токму во Макеоднија и токму во "Електростопанство на Македонија" и тоа во четири очи. Зарем толку многу не сака, па сака да ги види нашите две очи, или има нешто позади. Моите убедувања дека се крие нешто позади.

Прво, зошто се зема заем за приватизација за "Електростопанство на Македонија" кога не е одлучено дали сме за приватизација, или не. Ние најпрво господо треба да одлучиме дали сме за приватизација на "Електростопанство на Македонија", или не. Откако ќе одлучиме, тогаш постои можност да бараме заем. Немојте да ја злоупотребувате власта, однапред да барате заем кога не е одлучано дали сакаме приватизација. Не само јас, не ги ни прашавте граѓаните, граѓаните не сакаат заем. Со "Телеком" не излажавте дека ќе биде поевтино, дека ќе имаме поевтини импулси, тогаш плаќавме, јас знам за себе, плаќавме 700 до 800 денари , сега плаќам по 2 илјади до 3 илјади денари. Не за 150, туку за 200, 300% е поскапена телефонијата, импулсите. Тоа истото ќе се случи и со електричната енергија, но ќе зборувам кога ќе дојде законот.

Кои делови од "Електростопанство на Македонија" ќе ги приватизираме? Тоа треба да се каже. А врз основа на тоа да констатираме, дали ни се потребни срдства и колку средства ќе ни бидат потребни. Ние однапред, 45 милиони евра. Па Ванѓа да беше немаше да погоди точно колку пари беа потребни. Затоа луѓето измислиле сматалка, рачунарка, или дигитрони. Па порано на прсти рачунале и биле по прецизни отколку вие сега со помош на дигитроните. Овде имате и професор , експерт за компјутеризација. А вака испаѓа дека од ракав ги вадите бројките. Зошто нов заем? А најпрво на кажав, требаше да се преструктуира "Електростопанство на Македонија", бидејки спомнато беше, затоа и не сакав да спомнувам на производство, пренос и дистрибуција. Но само колку да напомнам онака , зошто нов заем кога имаме доволно пари во Буџетот. Па секој ден се фаиме дека имаме суфицит во посакув
Буџетот. Тогаш зошто заем? А не само тоа, па каде се парите од "Телеком" што го продадовме. Зошто го продадовме "Телеком". " Телеком" го продадовме не да ги трошиме парите, да градиме цркви, манастири, непроизводствени дејности и сали и хали каде луѓето немаат да јадат, а со тоа некој да си прави бизниси. Парите требаше наменски да ги вложиме во производство, да отвориме нови работни места. Ако имавте добри намери, еве имате пари од "Телеком" 750 милиони германски марки каде се? Ако потрошивте 200, 300, каде се другите? Зошто нов заем? Освен ако нема задни намери. Па незнам до тој

степен да сака да се уништува државата, за мене е несватливо. Не сум економист, но не сватливо ми е , заеми , кога тврдиме дека имаме пари.

Моето сомневање за заемот од 45 милиони евра е дека ќе биде злоупотребено. Зошто злоупотребено? Со можноста Владата без тендер, а тоа го предлагате да преговара со финансиски институции, а потоа оваа институција да се претвори во акции токму во "Електростопанство " истовремено ќе значи 45-те милиони евра ќе бидат влог на банката токму во "Електростопанство ", со што би станала сопственик на дел од акциите на приватизацијата. Многу прозирно и со задни намери.

Второ, се зема заем за да се злоупотреби во изборната кампања. Веќе нема сомнение во тоа.

Трето ќе се троши заемот за купување на гласови.

Четврто ќе се земе заемот за купување на фирми за лична своина.

Господо, да ја задолжиме цела Македонија и после тоа да ја внесеме во мрак Македонија. Често пати Владата знае да каже дека користиме многу евтина струја . Оваа струја која ја плаќаме сега, знаете дека е најскапата во светот според средствата кои што ги добиваме, според нашиот личен доход. Сигурно не знаете? А тврдите дека е најевтина. Не. Ако земеме статистички да пресметаме според личниот доход ние плаќаме најскапа електрична енергија. Јас знам во зимскиот период половина од мојот личен доход оди токму за струја. А кога ќе ја поскапите најмалку 100%, 200%, 300%, ние не ќе можеме прво електричната енергија да ја плаќаме, а што ќе стане со граѓаните кои едвај егзистираат, кои примаат социјална помош. Дали мислите на нив? Од тие причини сметам дека овој кредит кој е на штета на Македонија, на макеоднските граѓани, на макеоднската држава, да го повлечете. И секој што ќе гласа за овој заем, тој е против македонските граѓани и против македонските државни интереси. И незнам како на изборите ќе се јавите пред граѓаните и да го барате нивниот глас.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Немав намера да се вклучам во дискусијата. Меѓутоа , навистина во последно време овде од говорницата почнаа дискусии кои што немаат ама блага врска со тоа што ни е на дневен ред и што е по точката. Изгледа говоницата веќе служи само за маркетинг и за блатење на Владата. Ако сме реални, барем овие последниве денови треба реално и да ги цениме и да ги дискутираме точките. Овде убаво пишува дека е заемот за припрема на приватизацијата. Многу убаво пишува и секој паметен човек треба да свати дека еден таков систем треба да се припреми за да се продаде. Невестата треба да се дотера, да се нашминка, убава руба да и се даде и чеиз. Ние овде сега зборуваме дека ќе се продава , а убаво пишува дека во рок од 18 месеци. Претходните дискутанти со оглед на тоа што сугерираа од говорницата дека Владата после септември ќе биде нивна, значи убаво ќе им се припреми ова , тие ќе бидат во рокот кога ќе треба да се приватизира од 18 месеци. Што лошо се прави? Значи, преку ноќ не се прави такво нешто. Ова треба да се припреми и многу добро се припрема, затоа што таму треба се да се сними . Во претходниот период "Електростопанство на Македонија" за волја на вистината треба да знаете дека не е снимен ниту еден вод, водовите не се знаат каде се, целата вредност на "Електростопанство на Македонија" не е до крај средена во документација. Тоа треба да се припреми, тоа чини пари, треба да се снима. Претходните влади не му обрнуваа внимание на "Електростопанство на Македонија" по однос на документацијата. Ако дискутираме конструктивно , да дискутираме, да критикуваме, а само напади и инсинуации да слушаме од говорницата, навистина нема смисла. А јас незнам , ако се толку сигурни колегите дека наредната влада е нивна, па ова оди во нивни прилог.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници, да се јавеше некој друг, навистина овие зборови што ги кажа можеби ќе премолчев, но да се јави човек како г-динот Љупчо Анушев кој вечно е со власта се со цел максимално да злоупотреби се што може, за мене е несватливо. Само ќе напомнам што злоупотребил додека беше во ДА. Во Собранието г-динот Анушев кој има приватна фирма , повеќе пати е зборувано за неговата приватна фирма, сите ладни уреди и клима уреди , почнувајќи од ладење до топлење, токму неговата

фирма ги постави во Собранието . И истиот тој г-динот кога отиде од ДА, повторно влезе во коалиција со ДПМНЕ.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (Продолжение)

Која се и сешто претходно зборуваше, кога беше Рамковниот договор. Сега и се додворува затоа што повторно купува фабрика за сладолед и му е подарена само за да влезе во коалиција. Дали треба уште да зборувам за овој господин, тој дојде да кажува дали јас сум зборувал напамет.

Господине Анушев, точно јас кажав кој се парите и колку се задолжува Македонија и дали треба да се задолжува Македонија, ова сиромашно парче земја, а постојано зборуваме дека имаме суфицит. Каде се парите од Телекомот? Молчите и кажувате дека јас зборувам напамет, а што вие кажавте. До кога со таа полтронска политика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Навистина гледам кој ни ги воспитува децата. Ова е криминал. Што кој работел, како работел, за тоа без да има докази да се зборува од говорница, тоа само може луд човек да го каже. Неможам да сфатам кога најконструктивна дискусија се превртува со обинувања лични за фирмата во која што сум директор и каде што има 100 фамилии кои што се хранат и кои што работеле од 5 милиони марки годишен план изработиле во Собранието 700 илјади марки, а господинто Вангел се бори за работничката класа, кобајаги за народот. Таа не е моја приватна фирма, туку јас сум со мал дел акционер во таа фирма. Таму 100 фамилии живеат и господинот Вангел на говорница ни кажа дека многу се секира за народот, а гледам како се секира за народот, само инсинуира, обвинува и мисли дека со тоа ќе добие гласови, со песнички и стихотворби на говорница. Јас фино му кажувам дека овде не се продава Електростопанство, туку се зема кредит да се подготви за продажба.А ако е тој толку сигурен дека ќе добие гласови во Битола, ќе биде во Владата, па за 18 месеци тој ќе ја продава.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави господинот Вангел Симев.

Ќе ве замолам да бидете што пократки и да пазите штео зборувате, затоа што господинот Анушев кога зеде збор воопшто не ве спомна. Можеби јас згрешив што ви дадов збор.

Повелете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас воопшто нема да се жестам, како што е вжештен господинот Анушев. Многу го здоболе, нема ни да го вреѓам, доволно вистината него го вреѓа.

Спомена за воспитание. тој знае многу убаво дека од секое дрво свирче не се прави, него го воспитувале, незнам само кое образование го има, и тоа не е битно, дали успеал да се дообразува и да се довоспитува. Јас имав еден професор кој ќе го цитирам, кој велеше: "Воспитувавме пилиња, а ни излегоа змивчиња". Ние воспитуваме чесни граѓани, а не нечесни граѓани.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор госпоѓицата пратеник Радмила [Шкеринска.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Почитувани колеги, претставници на Владата, почитуван потпретседателе,

Би сакала да ве замолам по малку и да ја практикувате позицијата што во моментот ја заземате како претседавач на седницата на македонското собрание и да им дакжете на оние пратеници кои очигледно не ја знаат областа за која зборуваат, барем да ги читаат текстовите што ги добиваме како предлози од страна на Владата. Доколку сите ги читаат ќе заклучеа дека средствата кои што се во предлогот на законот се наменети или би требало да се искористат за некои конкретни активности кои што тој апсолутно не ги познава, или грешно ги цитира.

Значи, не за бележење на водови кои што очигледно се невидливи, бидејќи до сега биле ненабележани, туку наводно за изградба на некои нови.

Се извинувам што првиот период од дискусијата го земам за по малку процедурална забелешка.

Она што денеска е пред нас е законот за енергетика, иако законот за енергетика прв стигна во собраниска процедура, некаде на почетокот на минатата година, меѓутоа немаше среќа во периодот на различните седници на македонското Собрание да дојде на дневен ред и да го добие заслуженото внимание.

Пред нас денеска како точка на дневен ред е предлог на закон за гаранција на Република Македонија кон Европската банка за обнова и развој за средства кои што би биле добиени по договорот за терминска, условно продажба на акции пред приватизациона на Елетростопанство на Македонија. Договор кој што дури пред неколку дена ни беше поделен, иако сеуште не е потпишан туку Владата смета дека ќе биде потпишан откако ќе биде донесен овој предлог на закон.

Прашањето на приватизација, или генерално прашањето на реструктуирање на енергетски сектор е едно од клучните политички прашања со кои се соочуваат не само владите на земјите како што е Македонија, туку влади на земји во развој, влади на земји во транзиција, туку речиси сите актуелни влади, без разлика дали се работи за земји во развој, за развиени земји, за неразвиени земји. Сите во моментов ги преиспитуваат своите политики и својата филозофија на третирање на енергетскиот сектор и пред сите нив се поставува горе - доле слично прашање. Што да се прави и како да се реформира, како да се менува енергетскиот сектор. При тоа, кај сите овие влади и во сите вакви слични парламенти се отвораат мнгоу слични дебати и се изразуваат многу јасни спротивставени мислења. Би рекла дека тоа е разбирливо, прифатливо и е сосема во ред. Денеска мислам дека ќе водевме интересна меѓудругото идеолошка дебата, околу тоа дали треба и како треба да се приватизира Електростопанство на Македонија, по која цена, под кои услови, до кој процент, со која однапред завршена домашна задача од страна на Владата и македонското Собрание. Значи, тоа ќе беше дебата која што ќе заслушуваше позитивни и негативни оценки, зависно од тоа како ги гледате работите. Промени или разлики во нашата идеологија, во нашето политичко кредо, во нашите размислувања, во нашите анализи ќе постоеја и тоа ќе беше прифатливо. Она што не е прифатливо за било каква држава и за било какво собрание и влада, е грешките во чекори кои што станаа карактериситика на ова наше македонско собрание.

Имено, грешката во чекори не може да ја оправда ниту една идеологија, ниту една политика. Ако грешите во чекори, грешите во чекори и точка, без разлика на тоа дали сте левица или десница, без разлика дали сте парламентарно мнозинство, или парламентарно малцинство. Меѓутоа, нашата неподнослива леснотија на гласање, барем на парламентарното мнозинство, продолжува и ден денеска. Мислам дека ако денеска размислат пратениците кои што припаѓаат на ова мнозинство, ќе сфатат во каква неповолна и каква непријатна ситуација ги доведе Владата која што ја контролираат тие со ова мнозинство. Имено, она што денеска ние на маса и ни е на дневен ред, е закон со кој што треба да гласаме за заем, кредит, средства, кои што во доволно висок износ, за да го заслужат нашето внимание, 45 милиони евра и во кои земаме обврска меѓу другото за три основни работи.

Прво, преземаме обврска да го приватизираме Елетростопанство на Македонија.

Второ, преземаме обврска да го приватизираме Електростопанство на Македонија ни помалку ни повеќе за 18 месеци, односно да бидам попрецизен можеби за помалку, ама не може за повеќе од 18 месеци и Трето, преземаме обврска за која што гарантира државата, за која што гарантираат македонските граѓани, нивните средства и македонскиот буџет, приватизацијата да ја направиме во вредност од минимум од 51%. Денеска преземаме вака лесно со колку, шест члена, преземаме обврска за три стратешки одлуки кои во нормални држави се носат со години. Ние ова сакаме да го поминеме за еден ден, пола ден, пола час, еден час, без дискусија, без внимание, без анализа. Ќе се сложите колеги пратеници дека тоа е недозволиво. Ќе се сложите дека со гласање за шест члена и за практично две страничен закон, преземаме обврска која што не сме ја домислиле и не сме ја обмислиле. Заради тоа ќе дозволите и колеги и потпретседателе, дека практично денеска дискусијава нема да ја водиме само по предлогот на законот за гаранција, туку меѓу другото или индиректно, и за предлогот на измените на законот за енергетика. Затоа велам ова е типична грешка во чекори. Наместо прво да дискутираме ако треба неколку дена, ако треба со многу спротивставени позиции, ако треба дури и да го изгласаме предлогот закон за енергетика, ама да го изгласаме. Да се знае дека ова Собрание поставило рамка во која што смета дека

треба да се движи реформата на еден важен сектор како што е секторот на енергетика. Некој спомена ако вие сте убедени дека ќе победите на наредните избори, тогаш зошто ве интересира дали обврските ќе ги преземете со овој предлог на закон за гаранција. Токму заради тоа почитувани колеги. Заради тоа што на крајот на краиштата и не е веќе само прашање кој ќе ја добие власта на 15 септември, или од 15 септември, туку што ќе се случува после тоа. Ако преземаме обврска како пратеници во македонското собрание, без разлика на нашата политичка опција за тоа каде ќе се движи овој важен сектор од кој сите зависиме, не само оние што се вклучени во Електростопанство како вработени, или на некој начин поврзани со Електростопанство на Македонија. Сите ние сме корисници на неговите услуги, ако не не интересира што ќе се случува со овој сектор, за што друго ќе се засинтересираме, иако според денешнава атмосфера гледам не не интерсира многу.

Значи, да разгледаме дали овие прашања што ги апсолвирала Владата иако законот не е поминат, иако не е донесена основна стратегија за развој во овој сектор, да видиме дали постојат аргументи кои што одат во полза на овие три решенија - приватизација; приватизација за 18 месеци и приватизација од 51%.

Она што генерално сакавме да го идентификуваме како проблем на законот за енергетика и генерално желбата на Владата да спроведе екстремно брза приватизација на Електростопанство на Македонија, влегува во сите учебници, при што да потсетиме дека во последниве 10-тина години се изработени за прашањето на реконструирање и реформи во енергетскиот сектор. Која книга да ја отворите, која анализа, без разлика од кои извор, ќе прочитате дека постојат некои работи кои што се алфа и омега во овие реформи.

Во последнава декада динамиката на промени и реформи во овој сектор драматично се усложнува и се зголемува. :Природата на применетите реформи постојано станува се пософицирана, но навистина станува збор за работи кои што бараат и комплексност во пристапот, бараат и знаење, бараат искуство, бараат податоци.

Процесот на либерализцијата, не на приватизацијата и реформа на енергетскиот сектор, е еден од ретките процеси кои им се случува на сите земји. Она што ги прави овие реформи или овој процес различен за секоја од овие земји е тоа што сите треба да го прилагодат тој процес на сопствените прилики. Нормално, тоа е карактеристично за сите нормални држави, само за Македонија не е, бидејќи до овој момент ни од страна на Владата, ни од страна на структурите и институциите во рамките на Владата кои што се здолжени за овој сектор, не чувме сопфатна анализа за која е која е целта, кја е потребата и која е филозофијата на реформата која што ни е потребна. Значи, прва работа која што треба да се расчисти во овој процес е да видиме која ни е стратегијата односно кои ни се целите што сакаме да ги постигнеме со процесот на реформите. Цели може да има различни и од тоа ќе зависи проц9сот на реформи, процесот на реструктуирање.

Некои од земјите кои што веќе минуваат или минуваат низ овој процес на реформи, заклучиле дека имаат сериозен проблем со дупка во буџетот и заклучиле деке единствена шанса за да покријат таа дупка во буџетот доколку одат на брза приватизација на енергетскиот сектор, која што би значела веднаш свежи пари во буџетот. Ако се точни зборовите на премиерот дека ние немаме дупка во буџетот, тоа значи дека овој дел од причините или целите на приватизацијата се елиминирани, што значи не постојат.

Втора причина која што се наведува околу можна приватизација на енергетскиот сектор се проблемите со кои што се среќавале електростопанствата на некои други држави во поглед на инвестиции и функционирање. Имате држави во светот во кои што електростопанствата создале толку големи загуби од мнгоу различн причини поради кои што ниту можеле да функционираат секојдневно, ниту пак можеле да влезат во елементарни инвестиции околу одржување и развој на мрежата и производството и дистрибуцијата. Во тој случај исто така се предлага брз процес на реформи, брз процес и евентуално на либерализација и евентуално дури брза приватизација. Меѓутоа, тоа не е случај во Македонија. Во Македонија електростопанството на Македонија со сите проблеми функционира, може да ги обави елементарните работи. Единствените проблеми со кои се сочува се поради преголемата политизација на овој сектор. Електростопанство на Македонија се претвори во базен во кој што се фрлаат

сите оние кои што имаат и кои што немата врска со секторот, меѓутоа ја имаат клучната партиска книшка. Тоа така не оди заради тоа што цената што ја плаќаме нема да се одрази само денеска на тоа како функционира енергетскиот систем, туку и на тоа како тој ќе функционира или нема да функционира во следните 5, 10 или повеќе години. Она што денеска нема да го инвестирате во одржување на секторот, она што денеска нема да го инвестирате во нови објекти, тоа ќе ви се одрази многу брзо. За жал во нашезво Собрание има голем број на луѓе кои што се поврзани, кои што станаа поврзасни како резултат на политичките промени со Електростопанство на Македонија, меѓутоа не ги чув и нив да кажат, можеби имаат навистина некое стручно мислење кое што се разликува и кое што ќе ги демантира сите овие наводи и ќе ни потврди дека предлогот е вистински и е на место. Значи, според мене, вториот дел не држи.

Можно е стратегијата да се базира исто така на инртерес на државата да го подобри снабдувањето на потрошувачите. Тогаш се предлага еден тип на процедура. Можно е да ги подигна капацитетите односно перфомансите на системот и тн. и тн. Можно е во Т9кот на приватизацијата од наредниот инвеститор да се бараат одредени обврзни инвестиции во првите две или во првите 10 години. Тоа никаде не стои, тоа никаде не е кажано. Тоа очигледно не е ни осмислено.

Затоа велам може да направите грешка и со погрешна стратегија, а секогаш ќе направите грешка ако немате стратегија, а особено во една ваква работа. Ќе ја допрете, ќе предизвикате сериозни импликации, а камо ли вака драматична промена на сектор. Значи, се се ова работи кои што би требало да се дел од некоја национална стратегија која што мнгу држави во светолт ја направиле, па дури потоа почнале со процедурата на либерализација, на процедурите на реструктуирање.

Сите анализи и дискусии по овие теми доколку се сумираат, ќе извадите мнгу различни заклучоци кои што делумно произлегуваат од различните ситуации кои што постојат во различните земји. Меѓутоа, сите диксусии се согласни со едно нешто - дека два основни услови треба да бидат задоволени пред да се започне реформата. Пред да почнете да мислите дека ќе имате некоја парламентарна процедура.

Прво, земјата треба да биде генерално прифатена дека реформата е пожелна.

Второ, спроведувањето на реформата треба да биде политички можно и политички подржано. Не треба многу анализа, не треба многу размислување, не треба дури ни многу дебата во македонското Собрание да сфатите дека ниту еден од двата услови не се задоволени.

Прво, во Македонија не е доминантно размислувањето дека Електростопанство треба да ссе приватизира. Еве, кажете ми, на рака може да се набројат тие кои што сметаат дека тоа е вистински чекор и сите по правило се претствници или високи функционери или во Електростопанство на Македонија или во македонската Влада.

Второ, се вели дека спроведувањето на реформата треба да биде политички можно и подржано. Токму поради овие два наводи кои што патем речено се цитирани и од страна на Европската банка за обнова и развој, за која што зборуваме индиректно денеска и нејзината анализа заедно со Светската банка за реформата на енергетскиот С9ктор издадена во 2001 година, значи една од директните сугестии која што и дава, дека треба да постои базичен консензус помеѓу основните политички сили на власт и во опозиција во земјата.

Второ, ваквие реформи и ваквите чекори не се прават дури ни блиску пред избори. Мислам дека еден од податоците на кои што сакам да се повикам дека во Чешката република процесот на либерализација и реформи имаше земено навистина голем замаф и дојде до еден период во кој што требаше да се донесе и финалната одлука околу приватизирањето на деловите на нивното Електростопанство, при што истата одлука беше одложена само заради тоа што во наредните неколку месеци требаше да се одржат парламентарни избори во државата. Ние не сме на неколку, ние сме на два месеци пред изборите, па сепак носиме вакви одлуки кои што укажуваат дека ниту анализи ниту сугестии, ниту препораки им се релевантни.

Во истата публикација стои и забелешката која што претходно ја споменав дека сектор како што е енергетскиот сектор кој што ги задоволува сите побарувања и кој што не влече средства од државниот буџет, обично нема да биде сметан за високо приоритетен за

реформирање. Типичен случај за македонското Електростопанство. Во Македонија ќе има потреба од инвестиции во енергетскиот сектор, тука може да се дискутира, меѓутоа генерално тој ги задоволува побарувањата. Генерално како сектор може да биде самоиздржлив, доколку се базира на економски принципи и доколку важат правила.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**(продолжение)

Тој никогаш по никакви правила, дури ни за светската банка дури ни за европската банка не е сметан за високоприоритетен за реформирање. Реформите во енергетскиот сектор имаат за цел да воведат конкуренција таму каде што тоа е можно односно секаде каде што тоа е можно и да ја искористат економската регулација на енергетскиот пазар за промовирање на натпревар и најважното, заштита на интересите на потрошувачите. Ако Владата има цел да го приватизира Електростопанство на Македонија или одреден негов дел за да му продаде уште еден монопол на некој приватен инвеститор, нека каже, и тоа е стратегија, погубна за државата, погубна за граѓаните, меѓутоа е стратегија. Погрешна е, ама постои. Дури се покажува дека и пазарот, ако се базирате само на пазарот и според она што го гледаме што се предлага во Законот за енергетика и според она што сме го слушнале од претставници на Владата, не и е интерес на Владата, меѓутоа, дури и да баравме и да добиевме некои гаранции за регулација на пазарот, дури ни тој не може да биде соодветна гаранција за заштитата на интересот на потрошувачот. Имено, еден од примерите само е во земја која тешко се споредува со Македонија, Нов Зеланд, каде што властите се обиделе со пристап базиран на обврзна поделба на производствс пренос и дистрибуција,во која што инсистирале да функционираат пазарни закони и механизми, тие пазарни механизми да бидат единствените кои ќе бидат корисни во диктирањето на цените и да обезбедат дисциплина на учесниците. Значи, дури го уништиле монополот, дале да се формираат цени онака како што ги формира пазарот, меѓутоа, се покажало дека дури ни пазарот не е доволен за да ги контролира цените во присуство на монополи, кои кај нив останале во делот на преносот и дистрибуцијата, па дури потоа Владата повторно морала да интервенира и повторно да го реформира делот на регулацијата.

Процесот на целосна реформска програма, ако веќе таква била од интерес на Владата, се состои од четири главни фази. Да видиме каде се наоѓаме на таа скала.

Првата фаза е дефинитивно дефинирање и донесуваше на енергетска политика од страна на Владата која ќе ги изложи генералните насоки на програмата за реформи и која ќе обезбеди сериозна политичка волја за поддршка на овој процес, проследено со донесување регулатива неопходна за спроведување на овие реформи. Што од ова Македонија го има завршено? Ништо, барем според она што и е познато на јавноста, ако има некои енергетски политики кои се во тесни кругови може ќе бидеме и демантирани.

Втора фаза, развојна транспарентна регулаторна рамка за енергетскиот пазар. Рамка не постои, рамка требаше да се дефинира со Законот за енергетика, но дури и во Законот за енергетика таа беше фалшливо поставена. Прво се тврдеше дека прво треба да се овозможи приватизација на Електростопанство на Македонија, а дури наредната година на профункционира регулаторната комисија. Што ќе регулира таа? Таа ќе регулира уште еден монопол кој што претходно ќе има фаза од неколку месеци на несоодветен на нетранспарентен начин и не одговорен по дефиниција зидјеќи тој ќе биде одговорен само на сосптвениот интерес, да ја диктира и да влијае врз работата на регулаторната комисија.

Третото, дури, е реструктуирање на интегрираната енергетска труктура и воспоставување на пазар.

И на крајот четврта последна фаза, откако целата оваа домашна задача е завршено, е откажување од државна сопственост, барем во најголем дел на производните и дистрибутивните сегменти на пазарот.

Во Електростопанство на Македонија, претпоставувам и во министерството за економија претпоставувам дека се доенсени многу хартии, многу програми, кои се предлагани од страна на иманентни консултански фирми, странски и домашни, без оглед, во кои е дефиниран овој процес. Зошто велам дека не постои енергетска политика? Заради тоа што сите тие политики се разбиени како меур од сапуница, бидјеќи ние не се преточиле во активност, дејство и предлози на Владата. Практично овие консултанти ги плаќаме за да не ги слушаме или ги плаќаме за да ги слушаме селективно. Како ги слушаме селективно? Добиваме материјал од стотина страници, можам потоа и да ви го покажам, во кои се дефинирани еден начин или неколку сценарија за реструктуирање на

енергетскиот систем, притоа ги забораваме основните постолации и си вадиме по некоја реченица или две три тези од различни делови на текстот, некохерентно, неконзистентно, неодговорно.

Во целиот овој процес многу важно место се дава на таканаречените независни производители на енергија, кои се често првите приват ни инвеститори кои се пуштаат да влезат во енергетскиот пазар и нивниот влез се очекува дека ќе може да помогне во иницирањето, реформи, на тој начин што ќе ги покажат предностите на приватните инвестиици и на раководење. Притоа се направија обиди неколку многу ситни проекти да се отворат, меѓутоа, ниту тие ги дале уште вистинските резултати бидејќи немале време, ниту пак тие се земени како дел од анализа за тоа дека ова е исправна постапка која што ни ја предлага Владата.

Ако се концентрираме повеќе на земјите од Централна и Источна Европа, каде што реформите претпоставуваме дека би биле по слични како нашите, ќе видиме дека се присутни различни пристапи и затоа велам дека оваа дискусија ќе беше доволно интересна, без притоа да имаме според мене апсолутно несодветни и нелогични предлози од страна на Владата.

Првиот пристап се на пример реформи ограничени само на индивидуални приватни производители, како што е например случајот со Хрватска, каде што тие функционираат исто така и Словачка, додека се друго да се остави стентбај, да се види понатаму и да се осмисли како ќе функционира.

Вториот пристап е пристапот на заинтересирани приватни производители на мрежата со државата како доминантен сопственик. Значи, трета страна да има пристап на мрежата, а притоа државата сепак да остане доминантен сопственик на другиот дел од мрежата и системот, како што е случајот со Чешка. Можно е да се оди на реструктуирање кое ќе има интенција да се тргне на страна државната сопственост, а така е направено во Полска, Русија и во Украина.

И на крајот, можно е да се оди на вистинско отворање на пазарот преку концесии, при што тука се вклучуваат и независните производители и реструктуирањето, па и приватизацијата, како што е случајот со Унгарија, Казахстан, Грузија и Молдова.

Заради тоа велам заклучокот ќе биде: не постои еден модел на реформи, меѓутоа, постојат едни принципи на реформи, кои во нашиот случај не се почитувани. Единствена земја за која што најдов, барем досега, која го приватизирала своето додуше мало електростопанство без вистинско реструктуирање, без вистинска стратегија, туку врз база на концесија со 20 години е државата со која мислам дека бевме слични и со одлуката да го признаеме Тајван, а тоа е Того. Ако денес повторно Владата излезе со предлог, дајте да прифатиме добар модел, а тоа е моделот на Того, тогаш мислам дека дискусијата треба да престане во македонското собрание и треба да и кажаме на Владата, барем пратениците во ова Собрание заслужуваат посериозен пристап.

Дури ако ја удрите и пресметката со бројки околу тоа каква е состојбата со либерализација во различни земји во светот, која може би малку и се разликува бидјеќи се работи за динамичен сектор, и ако ја земете состојбата некаде околу 2000 година, ќе видите дека само 15 земји имаат спроведено значителни реформи на претходно државното електростопанство. Ние ќе бидеме меѓу тие 15. Од нив најголем дел се сепак високоразвиени држави, а не држави во развој.

Според специјалната програма за асистенција во делот на менаџмент со енергетскиот сектор, која е ангажирана токму од страна на Светската банка, една анализа која се фокусирала исклучиво на неразвиените земји, според таа анализа приватизацијата на компанијата, дури и на крај на реформите, дури и ако се спроведат така, како што треба според некоја логична сегментација, приватизацијата на компанијата е најредок случај на реформи. Само 20% од земјите кои се анализирани презеле било каква акција во таа насока. Најчест случај е комерцијализацијата, најчест случај е преструктуирањето на компанијата во три различни сектори што опфаќа некаде 40% во земји. Ако сакате поконкретно, ќе видите дека 40% од анализираните земји имаат отворено можности и функционираат со независни производители на енергија, 44% го примениле принципот на комерцијализација, од кои 63 дури во Европа и Централна Азија, 33% имаат донесено закон со кои што ја регулираат оваа област, 29% имаат регулатор итн., само велам 21% од прилика е приватизацијата која оди само на приватизација на производството, значи не на цело електростопанство, а 18% приватизација на дистрибуцијата. Од 115 истражувани земји, 42 земји немаат

преземено н икакви реформски зафати, а 15 имаат само еден чекор.

Ова не го кажувам затоа што сметам дека Македонија требада биде во овие 42 земји. Напротив, мислам дека Република Македонија во изминативе три години изгуби шанса за неколку значителни чекори во вистинска насока, изгуби шанса за сериозно реструктуирање, изгуби шанса за подготовка на енергетска стратегија, стратегија за развој на пазар, стратегија за развој на енергетскиот сектор, изгуби шанса за подобрување на перформансите на компанијата. Според она што и е расположливо на македонската јавност, видливо е дека денес Електростопанство на Македонија функционира полошо од пред 3-4 години, функционира полошо во неколку клучни сегменти, има влошени перформанси во делот на технички загуби, има влошени перформанси во делот на наплата на долговите, има влошени перформанси во делот на ефикасност на вработените. Според последнит е бројки кои беа присутни во јавноста, во 1998 година, Електростопанство на Македонија имаше обврска преземена од страв поради односите и во догвоор со Светската банка да оди на намалување на вработените. Одреден број беше намален на тој начин што не производните делови на Електростопанство се издвоија од фирмата, хотели и некои други придружни активности, еден дел се намали бројката заради тоа што беа предвремено пензионирани со 24 плати итн., и се стигна до бројка која и понатаму требаше да се намалува за да добиеме електростопанство кое ќе биде ефикасно за да последните три години, според неофицијалните бројки кои се присутни и кај консултантите кои ги користи Владата, кои што така срамежливо ги кажуваат, бројот на вработени се зголеми околу 2000 при тоа, исто така треба да внимаваме, тоа не се вработени кои одат и интервенираат на енергетската мрежа, не се вработени кои размислуваат за можните шанси за инвестиции и развој на фирмата. Се се тоа вработени кои имаат единстве на цел, да добиваат плата, да користат привилегии како вработени во електростопанство на Макеоднија, а притоа главниот ангажман да им биде партиски. Затоа ќе ви се случи шокот како што ни се случи мене, кога влегувајќи во Електростопанство на Македонија од професионални причини видов дека електростопанство на Македонија е претворено во главен штаб на ВМРО-ДПМНЕ, од сите страни ме гледаа лавови а на,внимавајте, системот за озвучување одеше химната на ВМРО-ДПМНЕ. Поголем доказ од тоа, здравје. Меѓутоа, тоа не е најстрашното. Симболите се тука за да не тешат или да не вознемируваат за да ни годат или за да ни пречат. Проблемот е што најголемиот дел од луѓето кои во овој период беа примени беа примени без квалификации, без грам искуство, и притоа беа ставени да функционираат и да раководат со клучни сектори за кои барем минимум треба искуство. Гледаме во Законот за енергетика стои дека членовите на регулаторната комисија треба да имаат толку години искуство во таа област. Тоа не се користи во рамките на Електростопанство на Македонија.

Враќајќи се назад на филозофијата на реформи во Електростопанство на Македонија, еве што покажа токму таа студија на анализа на реформите во тие земји. Покажа дека следен редослед на шест чекори е неминовен и не треба да се избегнува. Првото е комерцијализацијата на фирмата, второ е реструктуираше, трето е закон кој што ќе ги регулира работите, четврто е регулатор кој ќе функционира а не регулатор кој што ќе го пишува во закон кој што уште не сме го донеле, петто е влез на индивидуалните независни производители, при што влезот може да биде и пред и после оваа фаза и на крајот раздвојување на компанијата. Во некоја од фазите, значи на крајот при раздвојувањето при што овој редослед не е случајно избран, можно е да се одлучи да се оди на приватизација на некои или на дел од секторот. Дури, предвидени се рокови кои минимално треба да бидат задоволени. Ако ги разгледате времетраењата на различни реформски процеси ќе видите дека се работи навистина за сериозен период од систематска работа на оваа тема. Аргентина тоа го направила релативно брзо за три години, Казахстан за четири години, Бразил за 9 години, Грузија за 5 години итн. Она што се случило при првите брзи реформи во овој сектор, на пример дури и во Англија, дури и во Велс, дури и Чиле кој што го следел нивниот пример, е што приватизацијата овозможила создавање структури на моќ кои го блокирале пазарот. Имено, ако вие го продадете монополот, после тоа, новиот сопственик на монополот е заинтересиран да ја задржи таа монополска позиција, без притоа да се земат предвид обврските на пазарот, обврските на регулаторот и слично. Самиот пример на последици од приватизацијата на ОКТА тоа го покажуваат, делумно и приватизацијата на Телеком. Затоа се оди дури на ситуации, во кои дури кога се врши приватизација таа не се прави

на еден инвеститор, туку на повеќе, при што овие различни инвеститори вршат меѓусебна контрола и вршат конкуренција. Така, дури и релативно мали земји успеале со релативно мал број производствени капацитети, што е клучно, да избегнат создавање на фирми кои доминантно би го опслужувале пазарот и би оневозможувале конкуренција. Така на пример, во неколку држави учеството на најголемата фирма во вкупниот пазар е некаде од 20 до 40%. Лоши се сметаат оние случаи, каде што една фирма држи дури 93%; од вкупнз пазар, како што е на пример случајот со Португалија.

Ако се тргнеме на страна само од процедурата и влеземе сега поконкретно во секој од деловите, прашањата што го опфаќаат процесот на реформи, ќе видите дека владее уште поголем хаос. Имено, во прилог на претходната теза колку е битна регулацијата, колку е битно времето и колку се битни условите за пазарно стопанисуваше, доволно е само да го погледнете случајот со унгарија, која имаше двостепена реформа на овој сектор. Имено, Унгарската Влада се обиде да ги приватизира енергетските сектори пред да направи некои од овие чекори за кои претходно зборував доживеа неуспех. Имено, во 1995 година кога веќе дел од реформите беа започнати, се виде дека цената на Електричната енергија, освен тоа што цената на Електричната енергија е поскапена од 1,1 на 5,3 форинти квч., Владата доби понуда која што соодветствуваше само на 6% од номинално утврдената цена на Електростопанството. Значи, откако се направија пресметки и откако се утврди номиналната цена на Електростопанство на Македонија, што во случајот на Македонија го нема, ние шпекулираме со можни цени што ќе се постигнат за ЕСМ. Прво, претходниот директор на Електростопанство на Македонија настапуваше во еден период со четири милијарди американски долари, потоа некој друг од Владата излезе со 2 милијарди, сега веќе се зборува за вредност од 1 милијарда долари, а јас не би се изненадила реално кога веќе ќе отпочне процесот на приватизација, ако до него оваа Влада не доведе, дека цената би се спуштила и под една милјарда долари. Значи, од номиналната цена која велам не сме ја утврдиле, а ќе видите какви податоци за другите приватизации се постигнати, Унгарската Влада успеа да постигне само 6%. Зошто? Заради тоа што пазарот не беше дефиниран, заради тоа што условите за било кој што ќе го приватизира или преземе дел од Електростопанството не беа дефинирани, заради то што не беше направина анализа на цените, заради тоа што не беше направена анализа на платата и тн. Тогаш Унгарската Влада се повлече, не се добија добри понуди, се поништи тој тендер и дури неколку години подоцна, или три години подоцна влезе повторно во таква фаза и доби дури меѓу 60 и 80% од номиналната цена. Три години, ако се искористат умно може чуда да направат. Меѓутоа, притоа, водете сметка дека цената уште повеќе порасна. Значи, кога дискутираме за Електростопанство на Македонија, да не се занесуваме само со износите од типот милијарда, две, три. Меѓу другото, приватизација на електростоланство на Македонија значи пораст на цената на електрична енергија, најверојатно, а ако го приватизираме на овој начин на кој што ни се налага, а тоа е да му го продадеме моно-полот на некој друг, тогаш тоа зголемување на цените ќе биде повеќе од сигурно и ќе биде дури повеќе од рационално. Така, во Унгарија на пример цената од 1 форинта квч. некаде кон крајот на 1980 години порасна на 15 форинти квч, средна некоја цена, без разлика на тарифите, во 2000 година и тоа државата треба да го претпостави, и на тоа треба да се подготви доколку има стратегија. Дури потоа велам, откако беше донесс и закон и регулаторна : комисија, се изведе приватизација која според Светската бнака е многу успешна. Прашање е дали корисниците на електрична енергија сметаат дека е подеднакво успешна. Кога сме веќе кај цената, мислам дека треба да се спомне дека клучен фактор во одредувањето на цената на едно електростопанств на Македонија, според сите анализи се тврди дека е намалување или про ценка на ризикот, на економскиот, меѓутоа и на политичкиот ризик. За намалување на економдкиот, или ризикот од Секторот се предлага строга регулација за тоа што зборував значи независна, отворена регулација од страна на независен и одговорен субјект. Така на пример во една Молдова која што исто така не ја сметаме за држава која има големо искуство во овој дел, од 1997 година е формирана регулаторна агенција во 1998 година е донесен закон за регулаторот, кој што е задолжен во делот на лиценци, тарифи, пазар и заштита на потрошувачот. Јурисдикцијата и на Агенцијата и дефинирањето на ингеренциите на сите фактори министерство, Влада, Собрание се дефинирани две години пред да започна процесот на финална приватизација на

Електростопанство на Македонија. Значи подготовка. Кај цената на пример еве кои се цените кои се постигнати во некои држави и тоа само на дистрибутивните делови од нивниот енергетски систем дадени по потрошувач.

Така на пример, Колумбија има постигнато 1681 американски долари по потрошувач, средна цена на дистрибуција. Ако Електростопанство на Македонија ја проценуваме на 1 милијарда, за која што се зборува американски долари, кои што најверојатно ќе бидат и помалку, а има само 550 илјади индивидуални потрошувачи, да не зборувам за големите потрошувачи што ја подигаат цената, тогаш вредноста на цело Електростопанство на Македонија, значи не зборувам само за дистрибуција, како што е земена во другите пресметки би било некаде под две илјади американски долари. Тоа е апсолутно што не ни одговара. Во ризик индикаторите како што спомнав и кои што влијаат на цената на чинење или на продажба на Електростопанство на Македонија, политичкио ризик влијае по минимум 25%. Дали има некој во ова Македонско Собрание кој што смета дека во годината по војната во Македонија политичкиот ризик може да биде подобар или полош, односно поголем или помал. Апсолутно е несватливо како може некој да заговара, да лобира и да предла да брза приватизација, нема стратегија, нема процедура, дури и самата приватизација да ја предлага во ситуација во која што секторот кој што го предлага, односно го продава се постигне најниска можна цена. Лоша е состојбата на Балканот, Македонија се опоравува од војна една година потоа белки ќе биде вратена довербата на странските инвеститори. Во моментот ќе добиете само релативно лоши инвеститори, или инвеститори кои што ќе бидат привлечени со ненормално добра понуда која што ќе биде ненормално добра за нив, но ќе биде ненормално лоша за нас. И трето, можете да добиете заинтересирани инвеститори, кои што воопшто нема да бидат заинтересирани за иднината на секторот, туку ќе бидат заинтересирани за пазарот.

Како ќе се одразува приватизацијата врз вработените? Не треба многу да размислуваме, не треба многу дури ни да анализираме, можеме само да прочитаме и да видиме дека бројот на вработени дефинитивно ќе се намали. Дали државата за тоа е подготвена? Дали имаме сценарио што во тој случај.Што ќе се случи со таа и таа бројка. На кој начин ќе го намалиме тој социјален шок, општествен,економски кај одредени структури на граѓани. Денеска на вработените во Електростопанство им се кажува дека ќе станат акционери, тоа е да се добијат на страна на приватизацијата, при тоа, тоа не е ставено во Законот за енергетика, бидејќи ако некој сакаше да ги направи акционери, тоа ќе го ставеше во Законот а енергетика. Ќе им се кажеше на пример дека 10%од акциите ќе бидат поделени на вработените, или на пензионерите, или на незнам кој. Можно е и трета опција,можно е во приватизацијата на Електростопанство на Македонија, групата граѓани кои што не учествувале во другите приватизации, буџетски корисници, пензионери итн. да бидат опфатени со таа прватизација. И тоа ако сакала да го направи Владата, требала да го стави во Законот. Меѓутоа, не го ставила, значи не планира тоа да го направи. Тоа значи дека и тезите кои што се шират помеѓу вработените дека барем ќе останеле акционери, не се точни. Она што не им се кажува е дека сите бројки покажуваат дека приватизацијата ќе значи намалување на вработувањето., На пример во Аргентина за 6 години за 60% е намален бројот на вработените. Во Перу за 4 години за 43%. Можеби некого ќе го изненади и тоа дека кажувам примери претежно од Јужна Америка. Има причина зошто е тоа така. Земјите од Централна и Источна Европа не постапуваат на начин кој што ни го предлага Владата. Никаде не се размислува на овој начин. Ниту една приватизација не е спроведена успешно на начин на кој што ни се предлага. Цената на Електростопанство на Македонија ќе влијае веќе спомнав од техничките и економските показатели на фирмата, кои што велам во последните години рапидно се влошуваат. На пример според делот што е задолжен за енергија од февруари 2001 година, значи пет месеци за да почнеме да бараме заинтересирани за приватизација вели дека различни потрошувачи во момен тот на ЕСМ му должат повеќе од сто милиони германски марки, значи 50 милиони евра, или американски долари за испорачана електрична енергија. Прашање, како стратешкиот инвеститор или доволно е да кажам како инвеститорот ќе прифати ваква компанија, освен ако тој аргумент не го искористи за драстично намалување на нејзината вредност. Ке ни дојде фирма која ќе биде заинтересирана да купи нешто да го купи ЕСМ или понатаму ќе зборувам што всушност таа ќе сака да купи и да ви каже имате технички загуби големи, имате неефикасни вра-ботени, бидејќи ќе биде зделка без искуство и само со политички врски имате ненаплатени загуби,имате

недостиг на инвестиции и понатаму значи немојте вие да отсуствувате дека ќе ја добиете цената што ја барате. Се на се сериозен проблем со кој што би требало да се соочи македонската Влада. , Ако често пати ја цитираме Словенија и ако често пати сакаме да кажеме дека Словенија успева да најде паметен одговор на прашањата кој што и нас не измачуваат, да прочитаме до каде се стигнати во Словенија. Ке прочитате дека Законот за енергетика кај нив всушност, слично како и кај другите држави со стратегија, зборувам за 1999 година до ден денеска ќе го немаат приватизирано електростопанството, па дури се наоѓаат во дилема, дали тоа воопшто им е потребно. Во 2001 година формиран е систем операторот, воспоставен е значи пазарен оператор, воспоставена е трговска компанија формално пазарот ќе го отворат од досегашните најави во 2002 година, а надворешно пазарот ќе го отворам во 2003 година. Словенија сеуште стои на терминот дека до крајот на 2002 година ќе го заврши процесот на хармонизација Словенија е земја кандидатка во членство во ЕУ. Во наредното проширување Словенија речиси извесно е дека ќе биде една од најпожелуваните членки на ЕУ. Дури и таа не се повикува на нејзината Влада не ја користи директивата на ЕУ како несоодветен аргумент дека е потребна приватизација, бидејќи директивата на ЕУ не бара приватизација. Сепак, дури 85% од целиот енергетски сектор на Словенија сеуште е во рацете на државата, бидејќи смета дека приватизација не е неопходна. Приватизација не е неопходна за земја која што ќе биде членка на ЕУ за некоја година. За земја која го има потпишано договорот за асоцијација и за земја која се рангира меѓу првите кандидати за членка во ЕУ. Дури еден од вработените, еден од раководителите во Економскиот институт на Љубљанскиот правен факултет изјави дека симулациона студија за компактицивноста на домашните енергопроизводители на европскиот пазар покажаа дека оптималниот организационен модел е оној кој подразбира заеднички укрупнет систем, кој ќе ги опфати сите хидроелектрани и две од термоелектраните. Ова го кажувам да не размислуваме на словенечкиот електроенергетски систем. Ова го кажувам само за да ви покажам колку работи ни недостасуваат. Колку чекори сме ги прескокнале. Немаме симулациона студија, немаме студија за компетитивност, немаме оптимален организационен модел, или остои неѓутоа, тоа не соодветствува на ова што ни е предложено. Всушност, ако веќе се враќаме на прашањето на Словенија, ќе видиме дека во Словенија биле формирани дури три различни стручни тимови, кои што се занимавале со ова прашаше. Едниот е на Електротехничкиот факултет, а два на Правниот факултет. Развиени се дури седум различни сценарија. Симулацијата на словенечкиот електроенергетски систем, или поточно, енергетскиот пазар, во следниве десет години беше развиен за да се пресметаат приходите на електраните на секој модел поединечно. Секое сценарио воедно не нуди само можност да се проценат моменталните карактеристики на системот, туку и да се пресметаат можните приходи за секоја од овие страници. Секое сценарио содржи мерки за намалување на губитоците и користи пет различни критериуми. Макроекономски, време, фиксни домашни тарифи, ниво на загуби и правна канализација со Европската Унија. Седмото сценарио, значи од седум анализирани едно дало најдобри резултати и во него, покрај обединувањето на делот од производните капацитети се предвидува и систематско отворање на пазарот од 2004 година. Мегутоа, внимавајте, дури и ова сценарио, каде што се предвидува отворање на пазарот не предвидува приватизација на ЕСМ. Немаме такви сту-ции, според тие што ги имаме не ги почитуваме,тие што ги имаме ги оставаме сами да бидат материјал за стручњаците меѓутоа, политичарите изгледа ретко ги слушаат.„Албанија ако ја земете за пример кој што не е баш соодветен пример,малку направила во овој дел на реформи на електроенерегетскиот систем, па дури и тие со мал број на реформи имаат формирано национална агенција за енергија која што формирала посебна група која што развива стратегија за реконструирање на албанскиот електро сектор. Што да зборуваме повеќе. Во Киргистан во 2001 година дури е поднесен закон со којќе се намали бројот на потрошувачи кои што ќе можат да користат специјални привилегии. И ден денеска во Македонија постојат одредени групи кои што користат привилегирана цена на електрична енергија. Дали некој направи анализа што ќе се случи утре со нив кога од другата страна ќе имаат монопол ќој што нема да биде државен и кој што воопшто нема да го интересира статусот и состојбата со овие потрошувачи. Дали Македонија е подготвена да се откаже од тоа дека некој потрошувачи индустриски воглавном, имаат привилегирана цена. И ако се откаже што тоа ќе значи за Македонија. Бидејќи ќе мора да се откаже, затоа што монополот му го предава на приватен стопанственик, тоа

мораме да го имаме како сценарио, ние мораме да бидеме подготвени за такво нешто. На пример Киргистан, за да го намали влијанието на порастот на цените токму врз најчуствителните сектори од општеството, од најсиромашните законот овозможил фиксна тарифа за основното ниво на потрошувачка. Значи, оние кои што се најсиромашни слоеви во општеството нема да плаќаат одредена сума која што ќе соодветствува на цената, туку ќе плаќаат фиксна тарифа, која што *ќе* биде ограничена од страна на државата. Не верувам дека е тоа паметно решение, но има решение, се размислувало за него. Во Латвија е формиран план за реструктуирање. Одделни единици кои што соработу-ваат, меѓутоа по фиксни правила, И веќе од трите балтички држави се-риозно размислуваат на нивниот приоритет, а тоа не е приватизација, туку формираше на регионален балтички пазар, за кој што ќе зборувам нешто подоцна.

Во Хрватска, во 2001 година, јас се извинувам на неколку колеги кои реагираат од место, да не грешевме во чекори и денеска да дискутиравме за енергетика, сето ова ќе беше малку појасно, се ова ќе беше малку поконцентрирано по одредени прашаша и сево ова можеби ќе отвореше дискусија. Во Македонското Собрание дискусија нема, освен караница, која што обично не е караница, туку аргументи, караница по меѓусебни навреди, меѓутоа, темата заслужува малку повеќе да размислиме. Во Хрватска во 2001 година, значи во период кога ние прв пат го добивме законот за енергетика во Собранието, донесени се не еден туку пет закони дополнително, кои што се усвоени во Парламентот во јули минатата година и кои што предвидуваат имплементација во 2002 година. Законот за пазар на електрична енергија, Законот за енергетика, Законот за регулатор во енергетиката и некои други закони кои што се однесуваат на нафтениот бизнис. Според тимовите кои што работат за реформите на енергетскиот сектор во Хрватска реструктуирањето ќе се одвива или се планира да се одвива, односно да се реализира во три фази. Првата ќе опфати реорганизација, сметководствено одвојување на секторите и дејностите кои што се неспоиви со основната дејност, некои имаат и гас и греење и слично нешто и ово дел од фазата е завршен. Би можеле да кажеме дека и во Македонија еден дел од фазата а тоа е двоешето на непрофитните дејности е издвоено, меѓутоа тоа се направи пред 1998 година.

Втората фаза е вертикална сепарација и законско одвојување на компаниите за производство, пренос и дистрибуција и формирање на посебен систем оператор и регулатор на комисија. Дури третата фаза подразбира структурни и сопственички реформи. Најверојатно со ограничено форсираше на енергија. Во согласност со закон кој што допрва се очекува, тоа ќе биде Законот за приватизација, кој што треба да ја мине парламентарната процедура во текот на 2002, меѓутоа не е поминат Хрватска предвидела дека само делумно ќе го отвори пазарот на електрична енергија и тоа со одредени потрошувачи. Некаде на потрошувачи кои што имаат потрошувачка 10% од пазарот, формирана е регулаторна комисија, меѓутоа, сеуште според зборовите на заменик премиерот, Хрватска ќе го одложи продавањето на хрватската електропривреда, или хрватското електростопанство. На Македонија барем до крајот на 2002 година, бидејќи електростопанството на Хрватска мора прво да се реконструира.

Треба да создадеме јасен и транспарентен приватизационен модел со кој ќе привлечеме квалитетни стратешки инвеститори, кои ќе продолжат да инвестираат и да ја продолжат да ја развиваат инфраструктурата. Мислам дека овие зборови заменикот премиер на Хрватска треба да им ги соопшти на своите колеги во Македонската Влада дека неможе да биде приватизацијата по секоја цена, дека неможе да биде цел на Владата нови заеми по секоја цена. Целта на било која Влада, дали ќе биде до 15 септември, после 15 септември, сеедно е, се надевам дека оваа дискусија ќе имаме можност да ја повториме да се привлече квалитетен стратешки инвеститор во оние сектори каде што сметаме дека треба да се отворат инвеститори за да продолжат тие да инвестираат и да ја, развиваат инфраструктурата. Значи, тоа треба да биде основната цел едно од имињата кој што беше често пати спомнувано кога се дискутираше за процесот на реструктуирање на овој систем е директорот на Исток Запад европската програма за енергија при светскиот енергетски совет, една организација која што се занимава исклучиво по ова прашање. Значи тој господин доктор Клаус, во еден свој текст вели: "Државите во транзиција, а меѓу нив секако и Македонија, не треба секогаш и првенствено да го ставаат акцентот на приватизација, туку на преструктуирање на

електроенергетскиот сектор. Оттука, успешна приватизација во електроенергетиката најдиректно ќе зависи од тоа колку претходно квалитетно се извршило преструктуирањето на истиот." Бара сега да воведете конкуренција во електроенергетскиот центар и да се вклучите во отворениот балкански пазар на електрична енергија. Со тоа вклучување вие неморате претходно да инсистирате да се заврши приватизацијата. Овој текст е објавен во весник неделник во билтен, кој што го издава ЕСМ. Во билтенот на ЕСМ советот можеби најдиректен на првиот човек кој се занимава со ова прашање немојте да приватизирате, или не приватизирајте по секоја цена. Или приватизирајте ако сакате ама само откако ќе го преструктуирате секторот, откако ќе знаете што сакате да направите со таа процедура. За жал дури од сопствените билтени очигледно раководството на ЕСМ знам дека било вклучено во овие анализи или во овие размислувања на Владата, или не го чита, или не сака да го чуе или не сака да го разбере. Ако прашањето на приватизација се апсолвира, а мислам дека не треба да се апсолвира, ако претходно не биле изведени сите чекори, а не биле изведени, тогаш значи и приидеален случај кој што го немаме во нашата ситуација, кога ќе го отворите прашањето на реформи ќе видите мал милион на прашалници на кои што немаме одговор, ниту денеска, ниту во изминатиот период. Кој дел ќе се приватизира и на каков начин. Што со златната акција, дали таа е позитивна или негативна. Дали е добро да се приватизира производството и дистрибуцијата заедно. Дали треба да се приватизира едното, па после другото. Сите тие работи во случајот недостасуваат. А она што сите го повторуваат во било која ситуација, во било која анализа во поглед на приватизацијата ако таа се смета во државата дека треба да се направи тоа е исто и процедурата за приватизација, што ние ја почитуваме во нашиот случај. Имено, она што се инсистира во нашите анализи и на Европската банка и на Светската банка дека мора да се оди на процес на тендерска продажба на делови или на цело ЕСМ и дека во никој случај не треба да се влегува, или во многу ретки случаи, што се однесува за македонската ситуација, може да се оди на директна спогодба. Нешто што Владата очигледно го преферира кога ќе го имате предвид предложениот закон за енергетика. Директниот пристап до можни инвеститори и преговорите во четири или во шест очи, меѓутоа во тесни кругови не само што ќе ги отворат можностите за коруп ција туку и поединечно ќе ја намалат транспарентноста на процедурата, а ќе го зголемат принципот од заобиколувањето или елиминирањето на добри инвеститори.

Кој ќе биде гаранција дека нема и подобар инвеститор, меѓутоа тој на некој начин бил елиминиран низ процедурата или му било кажано деха нема да биде земено предвид. Не случајни беа и акциите и реакциите на Транспарент интернационал не само во поглед на Закнот за енергетика, туку и во поглед на Предлогот на законот што денеска го имаме на дневен ред.

Воедно, сите анализи покажуваат дека за да има повеќе кандидати, да претпоставиме дека сите имаме заеднички интерес, не сум сигурна денес, кога го гледам и парламентарното мнозинство и кога ги слушам претставниците на Владата, искрено не сум сигурна дека Владата сака да спроведе добра приватизациона постапка, дури и кога веќе решила да оди на приватизација. Не сум сигурна дека сака да постигне оптимални услови и оптимална цена. Меѓутоа, ајде да тргнеме дека Владата тргнала со најдобри намери во целата оваа процедура. Требала да прочита она што и го кажуваат платените за тоа консултанти дека, за да добиете добри кандидати и за да добиете повеќе кандидати во процедурата, треба да имате добро дефинирана регулативна рамка, јасни правила. Било која добра фирма што сакаме да ја видиме во Македонија *ќе* избега доколку види во каков хаос се наоѓа нашата регулација. Ќе влеземе во претприватизациони договори, ќе влеземе во инвестиции, притоа нема да знаем9 каква приватизација ќе вршиме, регулаторната комисија ќе се формира откако ќе се изврши приватизацијата. Хаос. Ниту еден добар инвеститор нема да биде заинтересиран да ја купи фирмата.

Значи, ако сакала Владата да направи добра приватизација тогаш требала да ги дефинира правилата на игра пред да влезе во приватизација. Меѓутоа веќе денеска, гледајќи ја оваа хаотична состојба ни станува се појасно дека всушност тоа и била целта на Владата, дека целта на Владата е да остави недефиниран простор за да не се јават добри, стратешки инвеститори, туку да се јави само оној со кого веќе е договорена приватизацијата. Ако е така, кажете ни.

(Реакции со дофрлување во салата, претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Очиглено е дека било вклучено во преговорите во приватизацијата заради тоа што веќе се нервозни. Ќе има време,

денешната седница претпоставувам дека ќе трае понатаму бидејќи нема да ја прекинеме со друга седница, очекувам колегите кои се така гласни од оваа страна на говорницата, ќе бидат така гласни и убедлици и кога ќе зборуваат нешто конкретно за законот за кој што се говори.

Продавањето на Електростопанство на Македонија, колеги, не е продажба на објекти. За жал. Не е продажба на далекуводи, како што некој паушално ги спомнуваше. Не е дури ни продажба на електрани. Не е продажба на управни згради. Денеска, продавањето на ваков дел на енергетскиот сектор е продажба на бизнис. Продажба на бизнис што допрва треба да се развива или ќе се надеваме дека ќе се развива. Регионалниот пазар за кој што зборува во Балтичките држави е реалност и на Балканот. Голем број на активности се направени на тој план. Тоа е потенцијален нов бизнис, еден од ретките нови енергетски бизниси е токму Балканскиот регионален пазар. Балканскиот регионален пазар е карта на која што Македонија може да игра затоа што има стратешки добра позиција, заради тоа што имаа релативно добри врски, интерконективни со земјите во нејзиното соседство, особено оската Север-Југ. Заради тоа што има релативно добра инфраструктура.

Регионалниот балкански пазар е нешто што ќе ја даде или ќе ја подигне цената на Електростопанство на Македонија веќе во наредните неколку години. Кога ќе го продадете пазарот во период кога тој има најниска цена, правите штета за неколку наредни генерации. Мислам дека тоа полека треба да ни допира до свеста.

Ако се вратам сега, разгледувајќи го општо прашањето на приватизација или реформи во електро-енергетскиот сектор на конкретниот Предлог на закон, би сакала да спомнам уште неколку делови:

Со овој Предлог на закон не се отвора врата на приватизација на Електростопанство на Македонија.

Со овој Предлог на закон само се преземаат сите лоши страни или сите грешки што би произлегле од една ваква приватизација. Имено, денешната дискусија и сите дискусии пред и после покажаа дека нема консензус дека треба да има приватизација. Владата тврди дека треба да има приватизација. Меѓутоа, никого не убедила дека треба да има приватизација.

Откако веќе не не убедила, сега ни доаѓа со Предлог на закон во кој што вели не само приватизација туку и 18 месеци. Според мене, овој закон политички има две цели:

Прва цел е да овозможи Владата да добие горе-долу 45 милиони евра. Тие 45 милиони евра неда да се користат за тоа што пишува, што вака паушално го истакнуваше еден колега за цртање на водови или лоцирање на водови што досегеа биле нелоцирани, туку ќе биде обезбедување на финансиски средства за да се овозможи приватизацијата, што велам не сме се договориле дека сакаме да го направиме и

Второ, единствено нешто конкретно што пишува во Законот е дека средствата ќе се искористат за инвестициони активности на проектот за изградба на 400 К/У интерконективен далекувод Дуброво-Радово. Таа обврска, тие причини што го објаснуваат предлогот на закон стојат овде, меѓутоа не стојат никаде на друго место. Ние треба да веруваме на искреноста или чесноста на Владата дека овие 45 милиони ќе се искористат токму таму каде што се спомнати. Меѓутоа, гаранции Владата за тоа не презела.

Втор проблем е дали е цената таа што е реална? Ако пресметките велат дека далекуводот Битола-Скопје чинел или имал вредност инвестиција околу некаде 20 милиони долари ме интересира сега зошто ќе бидат потребни 45 милиони евра? Дали тоа е вистинската инвестиција што треба сега да ја направиме пред приватизација што се налага со овој Предлог на закон? Тоа е првата цена. Владата ќе добие 45 миионии евра што ќе ги користи таму, ќе финансира партиски фирми, ќе создава привид дека се работи ударнички еден месец пред изборите, иако, јас би рекла за овие пари најверојатно нема да може да покаже некоја активност бидејќи и за овие процедури е потребно време. Меѓутоа, ќе може да ги користи како аргумент плус.

И вториот, мислам поголем политички адут или политичка причина позади овој закон е да се вметне "Тројански коњ" во работата на било која наредна влада. Од 15 септември, претпоставуваме дека ќе има поинаква влада. Еве, и да не влеземе во таа анализа кој ќе победи, како ќе победи, таа наредна влада ќе биде осудена од оваа претходната, со тоа што ќе треба да враќа 45 миионии евра, ако не ја заврши приватизацијата за 18 месеци, или ако смета дека не треба да се изврши приватизацијата за 18 месеци, ќе биде принудена да ги враќа одеднаш од буџетски средства. Или, преведено на секојдневен јазик, ова не е "Тројански

коњ" за наредната влада, ова е "Тројански коњ" за сегашните и идни буџетски корисници и плаќачи на данок. 45 милиони евра, што е некаде 5% од годишниот буџет ќе треба така да ги дадеме заради тоа што оваа Влада имала хир да земе месец или два пред избори долг, да земе гаранција, да земе обврски кон Европската банка за обнова и развој и притоа да земе обврска за 18 месечна приватизација од 51 %.

Како партија и како пратеничка група позитивно се изјаснивме, досега неколку пати, за учеството на ЕБРД во процесот на предприватизацијата на Електростопанство на Македонија, доколку тоа е целта на Владата и доколку се оцени дека тоа е потребно, со што не се согласуваме. ЕБРД може да влијае на зголемување на довербата на било кои други инвеститори во регионот и од тој аспект ова е добар предлог.

Меѓутоа, тоа што е проблем е што ова не е договор или Предлог на закон за гаранција што овозможува инвестиции без притоа да се преземат сериозни обврски, обврски за кои што не сме расчистиле дека сакаме да ги преземеме. За 90 дена 45 милиони треба да бидат вратени назад. Тоа ќе биде сериозен залаг за секоја Влада.

Јас би ја молела Владата, ако е целта да остави тежок баласт на наредната владата, а притоа не мисли дека тој тежок баласт ќе го платат всушност сите граѓани на оваа држава, тогаш нека размисли уште еднаш и нека го повлече овој закон барем откако го завршиме Предлог законот за енергетика. Оти тоа е логиката на нештата, само на тој нажин ќе речеме дека Македонското Собранието функционира нормално. Ако ова го кажуваме на било кој од аналитичарите кои ги соредувале ситуациите во другите земји, претпоставувам дека ќе бидат шокирани од неприродноста на постапката.

Затоа г. потпретседателе, ќе ми дозволите, дека аргументи има уште многу, претпоставувам дека дискусијата ќе тече и понатаму, се надевам дека некои од оние кои го бранат законот ќе кажат и некои поинакви мислења. Се надевам дека ќе се отвори реална дебата.

Но ако единствениот аргумент што го слушаме дека приватизација треба за да се усогласиме со "директивите на ЕУ", што е лага, јас не можам да употребам никаков друг збор освен лага, врвна лага од страна на оние кои го потпишувале, односно премиерот и оние кои се претставници на Владата, тогаш навистина ќе ми дозволите дека не зборувате со аргументи. Во ЕУ во моментов има минимум две земји членки кои немаат приватизирани електростопанства и кои допрва размислуваат, ако го слушавте претседателот на Франција Ширак допрва размислува дали, било како влез на приватен капитал во францускиот ЕБР, е возможен, на кој начин ќе биде тој направен и како ќе се смири социјалниот бунт што потоа ќе следи во Франција од вработените на ЕБР. Апелирам, немојте да ја цитирате директивата на ЕУ затоа што неправилно ја цитирате. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на госпогицата Шекеринска Радмила. За збор се јави г. пратеник Глигоровски Данило.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска расправаме за, сепак, како што спомна госпоѓица Шекеринска, за нешто што може да се сведе не само на просто взаемно плукање, туку на некоја конструктивна дискусија. Од тој аспект сум подготвен да се вклучам во дискусијата и затоа побарав збор.

Од аспект на стручност, навистина, морам да кажам дека нашата колешка навистина се потковала, прочитала многу информации, податоци, и од тој аспект мислам дека може да се поведе една конструктивна дискусија.

Проблемот е кога еден политичар што изнесува со аргументи ставови, бранејќи одредени работи што, вака формално видени или барем од овој момент за овие последни 5 мин. видени можат да изгледаат комплетно логички. Имено, дискусијата - зошто сега на месез или два пред новите избори се влегува во ваков проект, жестоко да се критикува таквото решение, сакам да позборувам нешто за доследноста. Имено, ако докажете дека политичар кој тоа го кажувал е недоследен, тогаш навистина се запрашувате која е смислата на неговото политичко делувања, освен, знаете какви се недоследните, еднаш вакви, друг пат онакви. А, јас го имам доказот колешке Шекеринска дека вие не сте доследна во вашата дискусија. Сега ќе ви спомнам неколку податоци со што ќе ви докажам дека како припадник на СДС не сте доследна.

Дали се сеќавата на мај 1998 година? Тогаш бевте потпарол на вашата партија. Дали некогаш сте слушнале за IFC? Или за Банката од Холандија. Во мај 1998 година се донесе Закон за влегувања на IFC и IMJ со по 25 милиони долари во претприватизациониот период и постапка на Македонски телекомуникации. Во тој момент, тоа беше фалено, неколку месеци пред изборите, како

крупна 50 милионска странска инвестиција во Република Македонија. Сега се наоѓаме 4 години подоцна во многу слична ситуација. И сега се спомнува дека најверојатно овие 45 милиони евра ќе биле употребени за предизбори итн. Човек прво ја критикува едната работа за која што 4 години претходно иста таква постапка направил, а потоа ќе ги кажам моите ставови по однос на улога на IFC што на некој начин е создадена од Светската банка и ЕБРД да влезе и сега во овој момент има 2,5% во Македонските телекомуникации сопственост, постојано нивниот претставник е таму, ги следи седниците и го следи развојот. За тоа можеби подоцна.

Меѓутоа, човек кој, политичар сега не како личност, како единка, припадник на полититичка партија што во моментот ви кажува нешто и во истиот тој момент лесно можете да докажете дека е надоследен на тие зборови што ги кажал, кажува дека овие 45 милиони евра најверојатно ќе бидат употребени за изборите. Логичниот заклучок е дека човекот тргнува од сопственото искуство. Во овие 4 години ние докажавме, како политичка гарнитура на власт, дека сме подготвени и инвестираме во државава за најразлични работи, па со овој кредити во Електростопанството. Меѓутоа, човек е недоследен како политичар и кој се сомнева дека сличен потез, каков што е направен тогаш пред 4 години, сега ќе биде употребен за избори, за купување гласови итн, говори од сопственото искуство. Тогаш точно е дека 25 милиони долари од едниот извор, 25 милиони долари од другиот извор влегоа, легнаа на сметката на АД Македонски Телекомуникации тогаш. Од 1990 година, јануари, јас влегов во Управниот одбор на Македонски Телекомуникации и го гледав токот на финансиите како влегле во фирмата, меѓутоа како експресно, само за месец дена после влегувањето на тие 50 милиони, веднаш беа испумпани од сметката и вметнати на разни фондови.

Човек кој ви вели дека најверојатно овие 45 милиони евра ќе бидат употребени за избори, за предизбори, говори од сопственото искуство. Бидејќи тие така направија. Меѓутоа, искуството за овие 4 години говори дека инсвестициите се докажани и постојата во република Македонија, остварени од актуелната власт.

Така што, можам само да го отфрлам сомнежот или отфрлувањето дека - како што ние направивме тогаш во 1998 година, најверојатно и вие така ќе направите и вие ќе ги употребите за избори.

На крајот по однос на стручните анализи што ги направивте, влегуваме во претприватизационен период. Инаку и тогаш, за Телеком во мај 1998 година се зедоа 50 милиони долари, меѓутоа во Законот за задолжување тогаш беше кажано до јули 2000 година фирмата Македонски телекомуникации мора да се приватизира. Потоа, некаде во јуни кога се виде дека нема доволно добар понудувач и заинтересирани се одложи уште за неколку месеци, се сеќавате и при крајот на година го продадовме во клучниот момент, кога телекомите беа најскапи секаде во светот. Мислам дека со таа приватизација оптимални пристапивме.

Сега има повторно претприватизационен период. Од аспект на вашата стручност што сега ја покажавте во анализи, сте собрале податоци итн, би можел да кажам дека би било најдобро утре или друг ден да се вклужите во експертските тимови кои ќе бидат вклучени во предприватизационата постапка и во сите тие закони што ќе се носат, за повторно оптимално да биде продадено или реструктуирано нашето Електростопанство. Од тој аспект навистина немам никакви забелешки.

Проблемот е што некои работи навистина правиме дека не се сеќаваме. Четири години поминаа, комплетно заборавивме што беше и како беше донесувано. Инаку, улогата на ЕБРД или на 1РС во Телеком, а сега и во Електростопанство би било од исклучиво полезна природа. Затоа што нивното присуство при вакви услови, во еден претприватизационен период би значело токму она што вие овде го зборувавте.

Значи, комплетната постапка за формирање и на законски предуслови, меѓутоа и формирање на сите тие тела кои ги спомнавте, на некој начин ќе бидат дополнително ќе бидат набљудувани како мониторинг од некој што влегол внатре со капитал во тоа. Што занчи, дека , не дека се нема стратегија, добиените материјали , добрр, сега во жарот на предизборната кампања ги нарекувате дека не се стратегија, дека се сценарија. Како сакате употребете ги , го употребивте зборот сценарија, значи повеќе биле сценираија и тн. Самото присуство на ЕБРД во една вакква компанија, во еден предприватизационен период значи дека комплетните залагања што вие овде ги спомнавте што се случиле во разни земји дека со гарант ќе бидат и овде присутни.

На крајот, можеби едно политичко прашање, стекнав впечаток дека во говорот во еден момент како да го критикувате Електростопанство зошто не ги наплаќал квалитертно долговите, дека има неквалитетна наплата на долговите. Дали со тоа инплицинтно сакате да му кажете на македонските граѓани што не гледаат овде и воопшто на македонската јавност дека ако евентуални вие дојдете на власт ќе го подобрите наплатувањето на долговите од струјата. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Глигоровски Данило.

За Реплика се јавува г-гицата Радмила Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Четири години би било време во кое што може и нешто да се заборави. Меѓутоа, десет минути дека е доволно време да се заборави нешто што се чуло претходно, мислам дека е несфатливо. Заради тоа претпоставувам колегата или не ме слушал или не сака да ме чуе. Заради тоа што ако слушал добро, *ќе* го чуел последниот дел од моето излагање дека не е само мој личен став , туку и став на пратеничката група на СДСМ е дека во ваквите процедури е добро постапувано учеството на Европската банка на обнова и развој.

Прво, заради тоа што на тој начин може да се подигне вредноста на компанијата со инвестиции кои што паметно би требало да се направат.

Второ, заради тоа што учеството на Европската банка за обнова и развој влијае на довербата кај стратешките инвеститори. Меѓутоа знаете ли во што е проблемот? Проблемот е во тоа што никој не спори со тоа дека Европската банка за обнова и развој би учествувала или би донирала или на некој начин би дала заем , кој после тоа би се претворил во акции од приватизацијата, туку сите спориме со условите. Овде ние земаме здраво за готово дека сме за приватизација за 18 месеци од 51% на Електростопанство на Македонија. Извинете, но овде во оваа држава никој не донел одлука дека тоа е потребно. Никој, дури ни Владата не излегла еднаш па да каже, да мислиме дека приватизацијата треба да се направи, да мислиме дека треба да се направи според оваа процедура, да мислиме дека треба да се карактеризира со овие бројки и сметаме дека тоа може да се направи за 18 месеци. Вие го споредувате со телекомот, меѓутоа, таму немаше различни мислења. Вие кога дојдовте на власт и кога влеговте во Управниот одбор на Телекомот, не рековте ние сметавме дека подобро ќе биде телекомот да не се приватизира. Јасно беше дека во тој момент може да постигне и добра цена и дека фирмата е спремна да биде приватизирана и дека тоа е тренд што треба да се прифати од страна на РМ. Со Електростопанство тоа не е така. Сериозни се анализитие кои што покажуваат дека минимум треба да се почека.

Второ, различни се сценаријата според кои тоа треба да се направи. Еве само една од многуте анализи кои што ги правеле консултански куќи и кои потоа именуваат минимум четири сценарија, кои што вие ги спомнавте, но кои што ги нема на ниедна хартија која што сме ја добиле од Владата. Кога нема Владата сценарио, тогаш како ние здраво за готово да земеме дека е оптимално за 18 месеци да се направи приватизација. Како да земеме здраво за готово дека е оптимално воопшто да се приватизира во овој момент Електростопанство кога сите овие околу нас во регионот буквално тактизираат со тоа прашаше и го одложуваат барем додека можат. А, сега во моментов, сите можат да го одложат. Или, ниту еден, освен влезбт на независни производители на енергија и одредени делови на електро-енергетскиот систем никој ја нема направено приватизација која што сега ни ја предлага Владата. Значи, проблемот е што правите споредба помеѓу неспоредливи нешта. А, ако е точно тоа што вие го спомнавте дека два пати по 25 милиони долари влегле и исчезнале после тоа, па колку години сте вие член на Управниот добор на Телеком. Јас колку што знам неколку години минимум и колку што знам месечниот надомест за да се биде член на Управен одбор е навистина значаен. Стеможеле барем да седнете и да ги погледните тие документи и ако навистина некој земал средства од тие или исчезнале на некој чуден начин, до денеска требаше кривични пријави да има против некој, затоа што зеле средства кои што не се нивни, негови или нејзини. Значи, велам, четири години после 1998 год, апсолутно е депласирано да тврдите како исчезнале фондови. Ако исчезнеа вие овде душата ќе ни ја извадевте, народски кажано. Секој ден ќе слушавме за тие пари, секој ден ќе мавтате хратии , немаше да зборите, туку ќе мавтавте со хартии. Значи да се меша процедура за која што потоел консензус генерален и процедура за која што и помеѓу вас нема концензус, за што јас не верувам дека ако разговарате со секој поединечен

член на парламентарното мнозинство, дека токму сите се 100% сигурни дека во моментот ЕСМ треба да се приватизира, дека тоа треба да се нарпави по некоја блиц,крик некоја постапка и дека тоа треба да се направи со 51% и тн. А, при тоа не даваме одговор на главните прашања, какви услови ќе му поставиме на новиот сопственик. Колкага ценана чинење ќе биде електирчната енергија. Кои еколошки стандарди ќе ги почитува тој нов сопственик на Електростопанство или цела Македонија ќе се загади неограничено, особено таму каде што се капацитетите кои што можат да загадуваат и тн.

Во делот на загубите, се разбира Електростопанство на Македонија, она што има клучен проблем е дека нивните технички загуби се огромни, и, дека тие технички загуби зборуваат или за недомаќинско работење или за незнаење. Трето нема. Или некој намерно, како што би рекле вие, исмукува пари од фирмата или електрична енергија која не се регистрира, или некој едноставно незнае да го направи и оптимално да го раководи системот. Двата заклучоци се погубни и тие се лоши и јас заради тоа ги спомнав при било која приватизација, заради тоа што инвеститорот секогаш сака да добие фирма во добра форма.

Затоа, велам, лошо е да дискутираме по оваа тема само како провокација на други теми. Дајте да дискутираме реално за темата, ама со показатели , подготовки кои што се неопходни. Инаку, ќе зборуваме паушално и ќе тераме кампања, како што вие велите, или ќе тераме спасување на образот како што јас би ви рекла на вас во двете насоки.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеничката Шекеринска.

За реплика се јави пратеникот Глигоровски Данило.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Добро, вие овде спомнувате раздни предуслови што не биле исполнети а го заборавате фактот дека ова претвизационен период од 18 месеци. Во тој период ќе има доволно време да се подговтват сите тие законски проекти кои ги спомнавте. Инаку, можеби патем речено го спомнавте тоа, зошто не се кажало и зошто не се спомало за овие 4 години на кој начин беа испумпани 50 милиони долари од Македонски телеком одкако влегоа во 1998 год, до сега ова ни е трет, четврти, или петти пат од оваа говорница да го спомнам тоа. Не дека не сум го спомнал веднаш одкако го дознав тоа, кога се правеше дебатата за тоа, меѓутоа, не е работата дека тие се украдени, туку тие се употребени како единствен сопственик Владата на РМ, акционерско друштво во тој период, парите се префрлени од сметката на фондовите, кои потоа беа употербени во предизборната кампања во 1998 год,, "Сигурно се сеќавате тогаш имаше бесплатни учебници и тн, како и други проекти. Значи, погрешно сте ме разблале дека јас ви реков еве сега ние видовме дека тие 50 милиони долари не беа украдени. Не сте ме разбрале добро, тие беа на штета на фирмата со одлука на Владата префрлени на други фондови и потова употребени за друг начин во предизборна кампања и тоа ви го спомнувам дека најверојатно од искуство го спомнавте. Инаку, надоместокот е 15 илјади денари, еве, за да нема јавноста надоместок за членство во Управниот одбор , за не остануваат такви непознати елементи пред јавноста. Уште еднаш, забелешката по однос на загубите, каде се губи струјата, некој ја шмука или бесплатно ја користи, забелешката или политичкото прашање беше во друг правец. Вие, со една негативна конотација се изјаснивте дека на Електростопанство многу му должат односно не ги наплаќа долговите и обичното население му должи. Дали со ова најавувате дека вие многу добро би ги наплатиле тие долгови.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Глигоровски Данило.

Има збор пратеникот Лазаров Илија, но процедурално.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратнеици,

Прво, една забелешка на процедурата во смисла на тоа како се однесуваме на говорницата и како се облекуваме. По телефон ми се јавуваат и ме прашуваат дали Шеќеринска е во костим за капење или како е облечена. Мислам треба да бидеме пристојно облечени и се знае како може да се влезе во Собранието. Во Собрание неможе да се влезе во кратки пантолони и како тогаш да ја сватиме нејзината сериозност на такво несериозно облекување.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам да припазите како се однесувате, сигурно вас не ве прашувале,

таа се облекува пристојно и мислам дека овие се навреливи зборови.

За реплика се јави г-ѓица Радмила Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Секогаш кога ваква скандалозна изјава ќе чујавм во Македонското Собрание, дали јавноста го заслужува или ние останатите сме го залсужиле. После тоа сваќам дека тоа доволно зборува за оној кој што си зема за право вакви инциденти да прави и тогаш кај мене се јавува дилемата дали да реагирам или не. Овој пат мислам дека навистина мора да се реагира, заради тоа што г-динот очигледно има некои проблеми или некои фрустрации. И,сега, ми станува поблиска информацијата дека - динот имал слични такви проблеми во едно средни училишта во кои што работел и во кои што очигледно нападите или проблемите кои што ги имал со некои ученички ги оправдувал на тој начин што тие поради него несоодветно биле облечени. За својата гардероба сите си одговараме и ве молам политичките аргументи да ги изложувате, а ако ги немате, да молчите.

Што се однесува до репликата во текот на која што зборувавме за прашањето кое што е на дневен ред, би сакал да го кажам следното - оптимист е колегата Глигоровски кога смета дека. 18 месеци се доволни за да се направи се она што досега е испуштено. Јас не случајно ги спомнував термините во кои што сите овие држави ги спровеле чекорите кои што се неопходни за да евентуално на крај завршат со приватизација или со реформа на електроенергетскиот сектор. Минимум од неколку години е потребно за да можат тие да се завртат. За 18 месеци во кои што ви треба да ја завршите тендер процедурата и да ги потпишете договорите, да кажете од денес Електростопанство на Македонија е продадено не да не е доволно, туку е речиси се сведува на неколќу месеци после изборите во тек на кои би можеле да зборувате за комплетен договор со некоја фирма. Инаку, една од обврските, која што според сите заклучоци една од обврските кои ги има секоја Влада или секој владин кабинет е да одобри приватизациона стратегија. Приватизационата стратегија е нешто што овој пат недостасува и неможете да ја надокнадите или да ја надоместите дури ни со ваква дискусија. Заради тоа што, врз база на приватизационата стратегија треба да добиете предлог закон, а не обратното. Ние сега ќе гласаме за предлог закон за предприватизација за која што вие велите не е ништо, нешто и тоа многу големо нешто 5% од годишниот буџет на РМ , значи ќе го усвоите законот, ќе си ја земете обврската 18 месеци да ја завршите приватизацијата, а при тоа немате дури и приватизациона стратегија. Немате рокови, немате ништо. Во поглед на втората забелешка околу податоците за тоа што се случувало во минатото, дајте да не дискутираме. Нема да спомнуваме податоци. Ако е нешто правено не во согласност со Законот, за тоа постои санкција. И, нема зошто Парламентот да губи време со тоа. Единствено нешто што Парламентот може да направи, Анкетна комисија, дискусија овдека и толку. Она што вистински треба да го направи член на Управен одбор, без разлика колку му е надокнадата, ова јас , според мои критериуми не би се сложила дека е мала, е за тоа да бара процедура, суд, кривична процедура, обвинителство и тн.

На крајот, немојте да мислите дека кога обичното му должи на електростопанство на Македонија, дека Електростопанство на Македонија, ладно на тоа реагира и прифаќа да му должи. Обичното население е исклучено од системот за електрична енергија кога му должи на Електростпанство на Македонија. А оние кои што не се исклучени, тоа не би рекла дека се членови на другата партија, еsmѓутоа, она што е проблем е како од електростопанство на Македонија, исчезнува електрична енергија кој што не е регистрирана, не е регистрирана ни како долг не е регистрирана ни како наплатен долг. Тоа е поголем проблем. Јас кога зборував за ненаплатените долгови на електростопанство на Македонија сакав само да ви кажам дека во овој момент Електростопанство на Македонија нема да постигне добра цена.Нема до постигне добра цена заради политичката ситуација во регионот, нема да постигне да постигне добра цена заради политичката ситуација во земјата, нема да постигне добра цена ни заради тоа што се наближуваат избори и нема да постигне добра цена ни заради техничките заблуди, ни заради економските финансии со тие со кои што се соочува. Иако Еелектростопанство на Македонија штедело, троши пари за различни непотребни работи, ако ги погледнете заклучоците од нивниот Управен одбор ќе видите дека 10 страни се посветени на спонзорство, какви се незнам , не сум можела да ги видам . Меѓутоа дека се трошат пари кои што не се наменети на фирмата можете да видите бидејќи верувам дека до вас полесно може да дојде некој извештај

од Управниот одбор. Да дискутираме за ова прашање ама само ако сме подготвени. Да не го политизираме и она што не е политичко.

Политичко во оваа работа е што Владата дава политички нелогичен предлог. Предлог кој што може да и се исплати само евентуално на тесна група на луѓе од кои оние што ќе приговараат за приватизација или околу оние кои што приговараат за други некои договори. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Уште еднаш за реплика се јавува пратеникот Глигоровски Данило.

**ГЛИГОРОВСКИ ДАНИЛО:**

Благодарам потпретседателе,

Последен пат ќе се јавам, накратко ќе ви се извинам во однос на забелешките за облеката а по однос на овие дискусии овде што ги водиме очигледно е дека имаме различни ставови. Меѓутоа вие нормално е да настапувате од позиционо и да немате верба дека за 18 месеци нешто би можело да се заврши. Инаку, и во 1998 год, се проби рокот од 24 месеци вие тогаш дадовте за Телекомот, па се проби и ЕБРД односно тогаш АСТ дозволија да биде пробиен рокот само до колку постапката успешно заврши. И, една од најуспешните приватизации на било кој телеком, е , а вие пред малку спомнавте , пофалба за незнам кој телеком или модел од Светската банка , не Телеком, Електростопанство било пофалено од Светската банка како модел на приватизација. Таквата работа како пофалба стигна и за нашиот Телеком. Сакав да кажам дека природно е вие како член на опозицијата да немате доверба дека нешто успешно би се завршило до 18 месеци. Меѓутоа, тука концепциски можеме да се разликуваме. Кај мене, пак , обратна е ситуацијата и вербата. Со самиот факт на инвестициите што се очигледни во РМ и по номинала од вашите 100-тина милиони долари и нашите 600 милиони во овој период од три ипол до четири години, едноставно ни даваат верба дека и овој проект за 18 месеци би можел да се заврши. Благодарам, и повеќе нема да реплицирам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Глигоровски Данило.

По трет пат за реплика и последен се јави г-ѓицата Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само една реченица. Ако колегата Данило Глигоровски најде една приватизација или процес на реформи кој што е завршен за 18 месеци, јас ќе се извинам и ќе кажам дека тоа не бил добар аргумент кој што сум го споменала. Меѓутоа, нема таква. Прочитајте ги сите анализи, прочитајте ги сите тајминзи и ќе видите дека за 18 месеци, тоа едноставно не е можно. Јас знам дека во Македонија актуелно "Скопско и се е можно", ама во енергетиката не оди баш така лесно работата.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да пратеници.

Мислам, наместо предлогот кој е пред нас за расправа, а кој се вика од прилика Предлог на закон за гаранција во однос на кредитот од Европската банка за обнова и развој, да се вика можеби Предлог за ратификација на Спогодбата на кој од надвор се одредува продавач.

Со овој закон однапред се прејудицира кој ќе може да го продава "Електростопанство", под какви услови тоа може да го направи, кога може да го направи и како може да го направи. Практично на мала врата се дотура структура или субјект кој ќе диригира со еден гигант како што е ЕСМ и кој најверојатно тоа нема да го направи, не е природно да го направи за џабе, туку го прави за сопствен интерес. Во тој интерес, изгледа ние како структура, како Парламент па и како Влада сме спремни се да направиме за пари. Значи главна компонента се парите, а како да се дојде до нив тоа воопшто не е ни битно. Целта се парите. Како ќе се дојде до парите тоа воопшто не е тема на разговор.

Тука беше кажано, нас ни недостига една сериозна национална стратегија која ќе има објективен, аналитички и реален пристап кон најважните прашања, како да се приватизираат виталните објекти кои се спечалени од парите на граѓаните, за овој, повеќе од половина век. Мислам дека недостига таква стратегија. Едноставно целта пак се парите, како да се дојде до пари и тоа на дилетантен начин се прави, непрофесионално, за да заврши во нечии џеб некој интерес или некоја сума на пари.

Еве може да се постави прашањето, на таков непрофесионален начин ние ги приватизиравме важните објекти како што се ТЕЛЕКОМ и ОКТА, што според проценките на добрите познавачи на оваа материја се

кажува дека со мали кредити ние сега можевме да бидеме сопственици на овие две големи компании кои на државата барем годишно и оставаат повеќе од 300 милиони германски марки односно 150 милиони евра. Таа сума веќе не е кај нас, туку е кај сопственикот, а сопственикот не е кај нас. Сопственикот е некаде надвор.

Значи според Законот се предвидува дека Европската банка за обнова и развој ќе кредитира 45 милиони евра за претприватизационен период на ЕСМ. За ова прашање постои договор. Договорот ние го немаме видено а не е прв пат ние да расправаме за нешто што не знаеме што е, што е фантом, што е флуидна материја и тн. Ние имавме случаи кога расправавме за продажбата на ОКТА кога практично ние одлучивме за тоа, а немавме пред себе спогодба или договор за да видиме кои се интересите на потписниците, кои се условите под кои е склучен таков договор или таква спогодба. Сега пак по втор пат, можеби и по трет пат ние расправаме за нешто за што практично постои спогодба, постои договор, а ние договорот пред себе го немаме, а расправаме за тоа прашање, што е апсурдно.

Што треба, или што се очекува, барем во образложението на Предлогот на законот што го дава предлагачот. Што се очекува да се постигне со овој закон или е ратификација на овој закон, односно спогодба?

Предлагачот кажува, ако се донесе ваков закон ние ќе имаме неколку предности. Првата предност е дека ние ќе имаме можност да се покачи цената на ЕСМ и во оваа фаза, чувствителна фаза на додворување на ЕСМ за да најде партнер, стратешки партнер, ќе бидеме во поповолна состојба. Второ дека со овој закон практично ние ќе се користиме со реномето, името на Европската банка за обнова и развој и со тоа ќе дојдеме многу полесно до стратешките лартнери, или до некои стратешки партнери и трето, се кажува, бидејќи позади оваа спогодба, бидејќи спогодбата ја нема, значи позади овој закон, или позади овој проект стои авторитетот на Европската банка за обнова и развој, практично политичкиот ризик е многу помал што значи многу полесно ќе дојдеме до стратешки парнтер, што не е вистина. Имено, политичкиот ризик е проценка, објективна што ја прават надлежните структури, надворешни и тука не е нормално да се повикуваме на некој финансиски авторитет, или, можеби не е добро и на некој политички авторитет, или воен авторитет да се повикува, затоа што често состојбите се многу спонтани и не можат до крај да се контролираат дури и од многу посилни структури надворешни, политички па и воени. Значи не само воената компонента што госпоѓицата Шеќеринска тука ја објаснуваше. Ова прашање е и многу посложено. Мислам повторување на ваква компонента нема, но има многу поопасни, други сегменти, многу поопасни други компоненти кои претставуваат политички ризик, а тоа е на пример социјалата, социјалната експлозија која кај нас во секој момент може и да се случи. Поради таква состојба може да се појават револуционерни групи, па може да се појават и масовни движења кои ќе посакаат промени во власта. Практично ќе имаме нестабилни односи во власта и тешко дека може да опстои констатацијата дека поради фактот што позади овој проект стои Европската банка за обнова и развој, ние ќе имаме помал политички ризик, а со тоа практично и тој е претпоставен. Стратешкиот партнер ќе биде многу посигурен и практично тоа ќе ја подигне цената.

Со законот мислам дека, така и пишува во законот, Европската банка за обнова и развој ќе биде заинтересирана да купува акции под услов до одреден момент веќе да имаме продадено 51% од вредноста на ЕСМ. Тоа е првата замка. Значи да се продаде 51% од вредноста на ЕСМ. Тоа значи дека со тоа однапред се условува финансиски, со притисок, значи да се постигне 51% за да се контролира управувачкиот тим, па и менаџерството во склоп на ЕСМ. Со тоа практично тој ќе именува директор на ЕСМ без да праша никого и со тоа ќе има мнозинство во Управниот одбор на ЕСМ. Со тоа што ќе постигне? Банално е јас да повторувам што ќе се постигне со тоа. Целокупниот развој е под нивна контрола а и цената на електричната енергија ќе биде под нивна контрола, така што практично ние ќе бидеме само надворешни набљудувачи кон овие процеси кои директно ќе ги атакуваат граѓаните на Република Македонија. Покачувањето на електричната енергија најверојатно директно ќе атакува врз граѓаните, а според проценките кои ги прават странските стрктури, заправо профсионални, електричната енергија треба да се покачи најмалку 40 до 50%.Второ,што треба да се постигне?

Практично со ваква спогодба, со ваков закон ние однапред определуваме структура, определуваме субјект кој ќе

диригира со приватизацијата и со продажбата на ЕСМ. Тука слободно може да се каже дека со земањето на овој кредит практично веќе започнал процесот на продажбата на ЕСМ на мала врата, на дискретен начин и без да се случуваат променшге во законодавството, односно законодавната материја која ја уредува материјата на енергетиката. Тоа е Законот за енергетика.

Друга важна компонента е следната:

Членот 5 од Предлогот предвидува, до колку во рок од 18 месеци не се приватизира најмалку 51% од капиталот на ЕСМ тогаш Владата превзема обврска во рок од 90 дена да враќа повеќе од 55 милиони евра, што ќе значи катастрофа за буџетот, и плус таа сума е поради каматата што треба да се исплати,либер камата и плус 1%, најверојатно тоа е провизија која вообичаено се дава при вакви ситуации.

Рокот од 18 месеци.

Некој тука кажа дека со самиот факт што тука постои одреден рок од 18 месеци во законот, практично нема да се случи приватизација за изборни цели. Мислам дека тоа е неодрживо, затоа што во законот не пишува дека после 18 месеци ќе почне постапката за приватизација или продажба, туку во рок од 18 месеци треба да се продадат 51% од капиталот на ЕСМ. Значи тоа може да се случи во рок и од месец дена или од два или од три месеци. Меѓутоа, последниот рок е 18 месеци. Значи рокот може да тече веднаш.

Некој може да каже, тука беше кажано дека требаат анализи на капиталот, па требаат проценки, па вреднувања на реалката состојба и тн. Мислам дека тоа е несериозно бидејќи ние веќе сме навикнати несериозно да ги правиме работите. Така што тие проценки, вреднувања и тн.

Можеме да ги направиме според нашите стандарди и можеме за месец дена тоа да го направиме и да се пофалиме дека тоа сме го направиле многу професионално.

Реков дека тие пари од 110 милиони германски марки или 55 милиони евра, а и во законот пишува дека извор на гаранција ќе биде буџетот на Република Македонија, а Буџетот се полни од џебот на граѓаните. Тоа е многу јасно.

И на крајот уште една работа.

Иако спогодбата ја немаме сите пред себе, меѓутоа, предлагачот испушти нешто, веројатно невнимателно и така во делот на образложение на Предлог-законот кажа услови кои ги бара Европската банка за обнова и развој, услови кои треба да се исполнат, кои Владата е должа да ги исполни за да може да тече се по спогодбата.

Еден, односно повеќето од таквите услови се да се, прво да е донесе законот за енергетика, што не е можно сега да се направи, а веќе тече процесот.

Второ, дека е потребно елаборат за стратегија на процесот а приватизација, во сегментот енергетика и во тој склоп и ЕСМ и дека е потребни реформи во обласга енергетика и во тие рамки ЕСМ и што е најважно, тука е четвртата замка, стратешкиот инвеститор треба да се избира според критериумите на Европската банка за обнова и развој. Затоа не случајно на почетокот кажав дека ние на мала врата веќе сме почнале со процесот на приватизација односно продажба на ЕСМ, имаме субект кој тоа ќе го направи и кој е диктира услови тоа да го направи тој нема да биде субјект од внатрешна, туку од надворешна структура тука тоа е многу јасно. За жал нема ни да се занудат граѓаните од причина што ние некаде една милијарда долари до сега, собрани од продажбата продадовме златните кокошки, јас рдков *ќе* остане земјоделието, напатените земјоделци и полицијата во наши раце. Полицијата ќе ја користиме, не по нивна желба , за да ги штитиме од митинзи, од демонстрации. Не дали сте вие или ние на власт, не се поставува прашањето, сакале или не *ќе* ни дојде и тоа за многу кратко време. Социјалата е многу битна затоа што се наоѓаме во транзиција, денеска сме во некој претходен систем , добар, лош, но сме биле. Сега во десетгодишна транзиција ние се прилагодуваме , но мора да имаме одговор на тие прашања. Затоа мислам јас би подржал еден таков потег, прво, да се даде одговор на тие прашања, но ако не ги насочиме во мали бизниси секој да може да се вработи , да се вработат десетици и десетици, да не речам 50, 100 илјади вработувања, тоа е последната шанса и можност на РМ , тогаш ништо не сме направиле. Ќе не осудат генерациите, нашите деца, внуци, правнуци какви потези сме влечеле.

Затоа дајте партискиот натпревар, политичкото надметнување да биде помало, а аргументитд , економијата, економскиот живот понатаму да си тече.

Затоа мислам дека треба прво да се даде одговор на овие прашања од страна на Владата односно ресорните минситерства, а после да дондсуваме одлука за терминска условна продажба.

Секое друго однесување, донесување на одлука *ќе* биде кобна за македонската национална економија и за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Мислев дека на оваа седница ќе земам збор и по едни нормални нешта, на оваа седница мораше да биде прво предложен законот за измена на Законот за енергетика во кој се регулира сето тоа што треба да се направи, па после тоа да следи предлог на закон, како што сега ни е ставен на дневен ред на договор за терминска условна продажба на акции пред приватизација на Електростопанство на Македонија. Меѓутоа, ако го разгледаме овој Предлог на закон малку посериозно, ќе видиме дека и оној другиот закон што ќе го донесеме после, ако дојде на дневен ред, *ќе* дојдеме во состојба да бидеме принудени, барем тие што ќе гласаат за овој закон да мораат да го донесат, бидејќи со овој закон со кој се земаат 45 милиони евра веќе децидно се кажува дека приватизацијата на Електростопанство на Македонија мора да биде за 18 месеци. Не мора целата приватизација на Електростопанство да биде за 18 месеци, но 51% мора да биде. Инаку, ако не биде 51%, со средствата што ги дава Европската банка за развој, таа нема да учествува во понатамошни инвестирања и во учество на акции. Мора да кажам дека Законот за енергетика регулира едно многу битно прашање кое во сите системи на енергетика, живеат и работат, тоа се регулаторни комисии кои треба да бидат донесени, а после тоа да се работи на другите работи, бидејќи регулаторната комисија има многу битно значење, посебно во утврдување на тарифните ставови без кои ниту еден понатамошен инвеститор, стратешки партнер не може да зема или купува делови од Електростопанство. Овде ми се чини, таков впечаток добив, дека 45 милиони евра ќе се земат. Ќе се земат што ќе земат, меѓутоа, бидејќи во Законот за енергетика кога ќе го донесеме, после 12-та точка, ставено е дека мора да се формира регулаторна комисија. Меѓутоа, да ви кажам, регулаторната комисија може да започне од 1 јануари 2003 година. Значи, од овој рок, од 18-те месеци остануваат само 10 месеци. Кога и како. Кога и како може да го направиме сето ова што е зацртано со овој закон. Овде секој влез на Европската банка за обнова и развој значи и добра работа за секоја држава. Меѓутоа, условите кои се дадени од Европската банка за обнова и развој, мора да се приватизираме за 18 месеци, делови на Електростопанство, иако не се приватизираат, да се вратат, по член 5 за 90 дена со либор плус 1% камата. Значи, овде не се работи за Тројански коњ за некои влади што ќе дојдат. Ова се работи за граѓани на Република Македонија. Парите ги враќа буџетот, а буџетот се полни од наши зафаќања на граѓаните, било тоа да е земјоделие, било тоа да е сточарство, индустрија или мало стопанство. Таков член не може да се прифати. Тој член ќе ја натера било која влада да мора да оди и да го примени она што најмалку треба да го направиме, членот 6е од измените на Законот за енергетика, во кој се зборува дека Електростопанство може и со непосредна спогодба да се продаде. Тоа е членот 69-6 став 2. Дали со ова на некој начин веќе некој се втурнува во некои авантури, кои морам да кажам, мораме без разлика на припаѓање на позиција или на опозиција, да водиме сметка затоа што може да ни се случи со 51% да се купи само РЕК "Битола", а друго да не се купи. Може да ни се случи, ако не го продадеме со 51%, да продадеме 40%, толку врдди РЕК "Битола", не ги знам точните вредности на РЕК "Битола", да сепак мораме да го вратиме кредитот одеднаш и тоа со камата. Зошто не се направени сите работи кои тр9ба да бидат претходно направени, бидејќи и во образложението на самиот закон кој го предлага Владата, средствата од инвестициите на Европската банка за обнова и развој ќе се повлекуваат во повеќе транши, согласно последователно исполнување на условите утврдени во Договорот со Европската банка за обнова и развој и тоа: Собранието го усвои Законот за енергетика, овој што треба да дојде на дневен ред. Договарањето за развој на ориентираната тарифна политика, тарифната политика по новиот закон ја утврдува Регулаторна комисија. Регулаторна комисија ќе биде со снага, така сте дале во законот, од 1 јануари 2003 година. Како ќе ги направиме овие работи? Човек мора да се праша зошто и како одеднаш, не е тоа некој што мислеше дека овие средства ќе се употребат таму каде што најмалку треба, меѓутоа свртување на работите сега, место закон за на ТЕЛЕКОМ, на ОКТА, Рудници, Саем и тн., немаме никаква евиденција, освен можеби 30% од овие пари. Другите

пари не се знае каде се. Да беа инвестирани во стопанството, најверојатно нема да имаме повеќе од 200 или 300 илјади невработени. Сега не се знае шшпоќе се прави со овие 800 милиони, или да кажеме една милијарда долари да чини продажбата или приватизацијата на ова претпријатие, не се знае каде ќе завршат овие пари. Дури и парите кои сега се земаат не се знае каде ќе одат и за какви цели. Иако тука се наведоа некои работи, тешко да се поверува на тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали. За збор се јави пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потррпетседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници,

Прашањето кое денес е поставено на дневен ред, сакале или е да ја избегнеме темата на разговор, најмалку да се има совест, искреност и спремност да се влезе аргументирано во оваа расправа, ќе побуди и ќе те поттикне. Од овие побуди и јас сакам да дадам свој придонес.

Можеби во оваа расправа имаме сигурно многу додирни точки и побрзо ќе се договориме, но бидејќи сме од различни партии, веројтано се има различен аршин во настапите и во аргументите. Јас знам за црното може да се каже дека е сиво, но за црно да секкаже дека е бело и белото црно, мислам дека не ни дава за право, без разлика на која партија и припаѓаме и на која национална и верска припадност и припаѓаме. Затоа сакам да дадам едно свое видување, како пратеник, а би рекол и како човек кој знае како се одвиваат реформите во Европа и светот, а точно знам како се инпровизираат во Република Македонија, од поединци кои имаат ограничен капацитет.

После исцрпното стручно и визионерско излагање на колешакта Радмила Шеќеринска, а би рекол и на колегата Јани Макрадули и на колегата Биљали, па во делот дискуоијата се согласувам и со колегата Данило Глигороски, не би сакал да ги повторувам нивните потенцирани ставови, и стручни и научни и визионерски понатаму. Но, јас како пратеник во овој највисок законодавен дом, кој припаѓа на СДСМ, со најдобронамерно опозициono дејствување, ќе ве запрашам вас колеги во Владата на Република Македонија, иако знам, како што ве гледам во составот, со респект кон вас, но оние кои треба да го дадат одговорот, не седат во овие клупи. Тоа се истурените министри на ресорните министерства, потпретседателите и оние кои ги влечат конците за реформи во Република Македонија".

Дали знаете, односно днаеме, држави кои не опкружуваат или држави во Балканот, Европа и светот, толку стратешки објекти, национални, да се продадени на странци, да раководат со мнозинскиот пакет акции, и за таков краток период, без да се размислува економски, без да се размислува политички, без национален интерес.

Зошто велам стратешки компании и објекти?

Еднаш во своето постоење од 50 години се роди електроенергетскиот стопански систем на Македонија. Тоа е ЕСМ. Друга варијанта во овој момент немаме.

Ние донасуваме одлука да са продаде "Елактростопанство на Макадонија" без стручни највизионерски и од економски и политички аспект да *се* анализира дали е тоа најоправдано. Го продадовме нафтениот бизнис во РМ. Што значи тоа како инвастиција и како монопол, на сакам во тоа да навлегувам. Го продадовме телакомуникацискиот систем баз да навлегувам што значи од стратешки, од безбедносан аспакт, го продаваме единстваниот, еве нека биде и вториот Аеродром во Република Макадонија, единстваниот Саем во РМ и верувам дака на крајот ќа остане само нашата респектирана и почитувна полиција да ги брани овие од натамошни протести и ако треба без да сакаат физички да ги пресматаат за да ги спасат.

Кажете една држава на земјината топка за така краток временски период да дадат са во раце на накој надвор. Мислам почитувани колеги пратеници ние мора како пратаници да кажаме стоп, мора да кажаме на луѓето од извршната власт, Владата на РМ, ресорните министерства да се замислат што значи тоа. Комплетно ние сме вака продадени како држава. Дали вака од држава, од државотворност не стануваме регион, територија или подрачја. Дали само ресурсите, овие што ги набројав, минерално суровинскиот потенцијал ќе се исцрпуваат од Македонија, ќе се експлоатираат, па и човечките ресурси и ние ќе бидеме едно транзитно подрачје помеѓу Софија, Атина, Солун, Белград, Тирана, Берлин, Њујорк и т.н. Тука треба длабоко патриотски да се замислиме што значи тоа.

Веднаш да кажам на почетокот не сум против приватизација, не сум против странски капитал, напротив, секое евро, секој долар, фунта, лира и т.н. треба да ни биде добредојдено во РМ. Но, дали во тој

момант е најнеопходен и ако е најнеопходен еве јас *се* ставам во состојба на местото на оние кои одлучуваат дека треба. Како понатаму ќе се насочи таа конвертибилна валута во РМ и каков ќе биде одразот.

Јас, со дел респектирани министри, членови на Владата се согласувам, но поголем дел од Владата на РМ се однесвуаат како домазетовци затоа што не го спечалиле тоа, не го граделе и многу лесно седнуваат на маса, патуваат по светските европски метрополи и го продаваат, а оние генерации кои го печалеле, мислам на генерации, децении, не партии, оставете го тоа, кога тие би го продавале многу потешко би одлучувале за тоа. Тоа е многу лесно. Јас ќе кажам луѓето кои даваат потписи уште еднаш со целата сериозност пред макеоднската јавност во животот една коцка не направиле за сопствената улица, месна заедница, општина низ Македонија, а луѓето кои ги граделе овие капацитети со децении ги продава некоја терминска условна продажба за 45 милиони евра продаваат акции и никому ништо.

Го продадоа "Телеком" односно го продадовме овде гласавме лично ние како членови на СДСМ се залагавме ако се продаде под тој услов, го продадовме за 600, 700 милиони ДМ, а пари само од дивидендата на "Телеком" за овие три години 2001 година, остана дивидендата во "Телеком" колеги пратеници, 2002 година значи Македонија ќе имаше еден стратешки објект, "Телеком". Извинете, јас го респектирам колегата Данило Глигоровски, но зошто не се замислиме 51 % , ние имавме 150 милиони ДМ дивидента 2000 година од "Телеком", само со една одлука за развој во нови инвестирања Македонија не доби ни 10 илјади ДМ, а можеше да добие 70 милиони ДМ, тоа се пари. 2001 година пак 150 милиони марки профит дивиденда, не добивка како што вели нашата Влада, туку профит. Македонија пак не доби ни илјада ДМ. Пак нови стотина милиони ДМ или 50 милиони евра се одлеаа од Македонија. Дали е тоа еден домаќински однос , ние како членови на Управниот одбор, како Влада, ресорни министерства, па и како пратеници дали тие средства ги наменивме најрационално? Јас и тогаш реков ако нешто продадовме веќе треба да супституираме, да замениме нови технологии, нови дејности, десетици илјади нови вработувања, намалување на трговскито дефицит, зголемвуање на извозот, да се почувствува меѓу народот во макеоднската држава, но ние од тоа ништо не почувствувавме.

Стратешките објекти, еве уште една година без разлика која партија ќе биде на власт, не е во прашање дали се позиција или опозиција во филозофијата на размислување, во приодот на потезите кои се влечат ние се што градевме 50 години, што инвестиравме, што ја задолжувавме Република Македонија над милијарда долари тоа се во овие објекти. Што ќе остане после година дена? 5% од населението ќе живеат добро меѓу кои и јас припаѓам, но 95% ќе не може да си ја плати електричната енергија ни телефонските услуги кои внимаваат, со секунди разговараат, замислете просек доктор на науки со 500, 600 ДМ плата не можат само телефонскит еуслуги и електричната енергија да ја платат.

Мора да се има одговор на многу прашања. Ние можевме како Влада еве и сегашната актуелна власт можеше до сега од приватизацијата да се покрие некоја социјала, но од сега не може. Секогаш беше нафтениот бизнис, "Електростопанство", "Телекомот" и да не ги набројвуам Аеродромот, Саемот, секогаш Владата на РМ имаше еден директен инструмент во рацете со кој може да комбинира, да ажурира социјала, мир односно немирот да го претвори во некој благ мир, а од сега натаму тоа не може да биде.

Јас така ги гледам структурните реформи. Какви структурни реформи колеги министри, заменици, членови, зарем се тоа структурни реформи да продадеш, да се даде за некој пат, чешма, а да не се направат нови технологии нови вработувања. Ве молам, со тоа не се согласувам и не можам да се согласам без разлика како вие на тоа ќе гледате дали мислите дека со тоа зборуваме тенденциозно, но не зборуваме тенденциозно. Зарем не сте размислиле секој ден се продаваат фирми и со договори кои не се до крај комплетирани она што го бараат Европскиот и Светскиот стандард. Продадовте рудници, а не се запрашавте како електричната енергија ќе ја наплатуваат. Зошто не се запрашавте ние увезуваме електрична енергија дупло поскапа, а ја даваме на странски партнери дупло поефтино. Од кои побуди? За социјала? Извинете господа со тие пари социјалата , да седат работниците дома без да работат, ќе си го покријат тоа. Да не зборувам за екологија, животна средина и т.н.

Еве сега се продава ЕСМ, но што се продава луѓе? Се продаваат објектите и т.н. Прашањето со концесиите за експлоатација на минералната суровина основна е јагленот, но не е решено прашањето . Вели после тоа прашање ќе го решаваме. Немојте ве молам. Ако не знае Владата на РМ нека го викаат нашиот колега Владо, нека го викнат Чифлиганец, ќе им објасниме дека треба и концесиите паралелно затоа што

"Електростопанството на Македонија" основниот ресурс-суровина тоа е јагленот. Зошто не се постави прашањето пред инвеститорот од страна јаглен Република Макеоднија под овие техничко-економски услови на стопанисување има уште 9-10 години. Некој ќе каже не е точно има 20, но електричната енергија ќе биде дупло поскапа и на тоа да се даде одговор. Прашањето е многу покомплексно отколку ние овде да даваме поддршка терминска условна продажба на "Електростопанството " за продавање на некои акции.

Затоа мислам дека експертските тимови во Владата, во институциите на државата во границите на РМ треба да се користат при склучување на такви договори. Дали ќе бидат прифатени или не, тоа прашање не смееме да го запоставиме затоа што од пред очите ни се одлеваат милионски суми од Република Македонија. Демантирајте ме ако не е така.

Можеби "Електростопанството на Македонија" не е во позиција како што беше "Телеком". "Телеком" беше фабрика на пари, да ни биде јасно, тоа е секаде и кај нас. Но, ако ние не го поставиме тоа прашање за година две се ќе распродадеме, ќе се задолжуваме, милијарда и пол долари должи Македонија, од што ќе се враќаат?

Мислам дека Радмила Шекеринска беше погрешно сватена дека наплатата ќе биде побрза, тоа е најмал проблем, тоа и не е проблем, тоа е проблем на ефикасноста, на искреноста, на функционирање на институциите, на стопанскиот, на економскиот систем. Проблем е дали новиот инвеститор ќе остане со тој број на вработени, дали дел од вработените во електростопанскиот систем нема да си отидат од дома. Тоа прашање треба да се постави и затоа ве молам пред да се изјасниме ние како колеги пратеници на овие прашања што мислам дека држат место Владата треба да одговори.

Сакам да ја прашам Владата на РМ кои се тие , ако мисли , поединци, не сакам да ги ставам сите во иста целина дека оние што се нарекуваат реформатори или синоним оние што продаваат капитал кој е создаван 50 години без да размислуваат, тие се реформатори. Не. Тие се кочничари на реформите и би рекол недобронамерни спрема она што ќе се случува утре и во наредниот период. Треба длабоки анализи затоа што реков ние се што е стратешко го продадовме без да размислиме какви ќе бидат последиците за година две, три, да не кажам подолго. Нема држава во Европа, во Светот толку да биде зависна. Дали може после 9-10 години , цената не е доволна и инвеститорот да каже јас веќе не експлоатирам јаглен затоа што цената ќе биде поскапа, а вие тоа не го прифаќате. Дали инвеститорот има супституција наместо да биде на јаглен, ние знаеме со гас, дали има некое видување, ние треба да направиме проектна задача господо од Владата на Република Македонија. Во проектната задача господо од Владата бараме тоа и тоа.

Прво, колку Република Македонија троши електрична енергија денес и наредните 20-30 години. Барам одговор. Под кои економски услови се добива една единица електрична енергија ако една цента, нека каже приближно со кои услови, ако е две нека каже три.

Понатаму, колку ќе биде цената на продавање оти тие нема да работат за проста репродукција, затоа инвестира. Треба елаборат, студија да им дадеме колку вработени, колку инвестирања, со исцрпување на резервите од јаглен во "РЕК -Битола" која е супституцијата. Можеби ние по 10 години да бидеме во мрак и да се разбегаме по соседните земји или Европа, Австралија, Америка и т.н. Тоа е многу стратешко прашање, а Македонија има човечки ресурси тоа да го направат. Може тоа да го направи и колешката Радмила и Данило и јас и уште 10-20 пратеници од овде да ја поставиме проектната задача како се купува како се продава објект од стратешки национален, државен, највисок интерес.

Нека ми извинат поедини луѓе кои учествуваат во тоа, јас се сомневам во нивниот капацитет дека можат по такво прашање да одговорат. Тоа не значи дека не се употребливи, да, но за такво прашање да се распродава државниот макеоднски имот кој се создавал 50 години, не се согласувам.

Затоа сакам да ми се одговори на прашањето, но не од луѓето кои се овде испратени, мислам дека тие само покриваат за да можеме да работиме, зошто се продава "Електростопанството на Македонија'". Сега да не барам каде отидоа парите од "Телеком", дали подобро ќе работи и ако работи што ќе направи странскиот инвеститор и дали ние во Македонија тоа не можеме да го направиме. Кои се тие дополнителни инвестиции, што со концесијата за експлоатација на основната минерална суровина-јагленот, што значи тоа динамички производство на електрична енергија за сопствени потреби, за извоз, оти ние до сега увезувавме електрична енергиа, ја плаќаме многу поскапо, што значи со вработените, што значи со цената на електричната енергија, со развојот, стабилноста, сигурноста, снабдување со електрична енергија на граѓаните на РМ и

индустриските капацитети. Што значи со преструктуирање на "Електростопанството на Македонија", кои реформи ќе ги направат. Ако ние немаме стратешки партнери ние треба во проектната задача, во понудата тоа да го бараме, а јас мислам дека секој оној што се бавел најмалку со некоја академска работа знае што значи проектна задача и како треба да се постави.

Господа, ако веќе сме решиле односно сте решиле да го продадете електроенергетскито систем на Макеоднија односно "Електростопанството на Македонија" треба јасно да кажеме зошто го правиме тоа. Јас еве во овој момент да ви предложам да направиме една комплетна програма за рационално насочување на средствата во нови технологии, во нови производи конкурентни на домашниот и странскиот пазар со тоа да се намали трговскито дефицит, да не бидеме зависни затао што не може понатаму. Ако ние сега сса милијарда и 500 милиони долари се продаде ЕСМ, ние треба да кажеме пред оваа макеоднска јавност со цела одговорност, образ да кажеме дека ќе вработиме 50-100 илјади вработувања во гранки што ги реков кои ќе се ослонат на сопственото производство, кои нема да ја загадуваат животната средина, кои нема доматите, бостанот, пиперките да ги фрлиме, да ги преработиме во повисок степен на финализација и да ги извеземе, тоа е работа на сите министри, на министерот за економија, на министерот за надворешни работи, а не нашите земјоделци денеска еден денар килограм бостан. Замислете електричната енергија колку е поскапа, колку се поскапи телефонските услуги, а сакале или не сакале ги енергетика па ова, прво овој закон па потоа закон за енергетика, зборува дека нешто сепак не оди како треба. Нешто не тера да размислиме каде сме и што сме. Овде, пред граѓаните на Република Македонија, пред вас колеги кои сте тука, сакам да кажам дека не е едноставно вака набрзина да одиме во приватизација на Електростопанство. *И* е добро од проста причина што сакам да кажам, не е тоа дека само тоа ни остана. Во Република Македонија од системите го имаме само уште Електростопанство. Не од таа причина. Сакам да кажам од друга причина. Не се работи сега за "Телеком" па можам без телефон. Се работи за електрична енергија без која не можат граѓаните, не може земјоделието, не може индустријата, не може никој. Се работи за еден двигател во државата. Ние електричарите велиме дека таа електрична енергија е срцето. Таа движи се, а мора и да е така, бидејќи без ресурси за електрична енергија, без имање на таа битна енергија нема развој. Дури и во земјоделието сега со системите на наводнување, таму е развојот, но пак е потребна таа електрична енергија. Електростопанство на секоја држава е крупен и битен елемент во опстојување на таа држава. Систем кој има големо севкупно значење за економски развој и во тој смисол има изразена понагласена тежина и специфичност, а за Република Македонија посебно ако го знаеме постигнатото ниво на покривање на потребите од електрична енергија, ако ја знаеме структурата на производството на електрична енергија каква е, термо, хидро. Дали потребите на Македонија се покриваат од сопствените извори или сме принудени да увезуваме електрична енергија. Каква ни е структурата на потрошувачката. Колку проценти имаме што троши од севкупното производство домаќинството, колку има што троши индустријата. Тие два сегмента се многу битни во формирање на се другото што следи понатаму околу Електростопанство. Каква ни е цената на електричната енергија од една страна и какви се платежните можности на нашето население. Нормално, да кажам она што го имаме од индустријата и стопанството. Мора да кажам дека во овие моменти акумулација на електрична енергија од индустријата во однос на домаќинството е во корист на домаќинството, што никогаш за една држава не било добро.

Меѓутоа очекувам, без разлика што од септември, очекувам како граѓанин дека еднаш ќе започне и развој на таа индустрија, која почне да акумулира многу, многу повеќе киловат часови енергија, а тие киловат часови ќе даваат добри производи и ќе даваат добри резултати за оној кој ја транспортира, дистрибуира или оној кој ја произведува. Овде, за да поминеме во степенот на приватизација за секоја држава која излегла на пазарна приватизација многу се малку. Се направени, а овде кај нас немаме, издржани аналитички согледувања за техничко - технолошката и економската состојба на овој систем, бидејќи Електростопанство е систем, организациони и други аспекти кои нема да дозволат да дојде до нарушување на техничката целовитост. Зборувам за техничката целовитост затоа што има голема разлика со она што навистина треба

да се прави понатаму. Со тоа нема да дојде до нарушување на погонската спремност на сите три субјекти во Електростопанство, производство, пренос и дистрибуција, за да имаме квалитетно снабдување на сите видови потрошувачи со електрична енергија. Сигурно дека во тие анализи мора да се направат и соодноси за корелациони односи помеѓу поместување на цената на електричната енергија која ќе следи и можноста на населението да не дојдеме во состојба на она што не го сакаме, социјални тензии и тн. Да водиме ред и после тоа да почнеме сигурно да работиме на некои работи што следат понатаму.

Реков дека се работи за еден систем кој е составен и сега во моментот функционира како и техничко и технолошки и економска целина. Тоа е производство, пренос и дистрибуција. Систем, мора да кажам дека показателите ги имам од 1998 година, кога до Светската банка поднесовме барање за добивање на кредит од Светската банка за реализација на хидроцентралите и еден мал дел на електродистрибуција. Овој систе0м има вредност од некаде, спрема податоците од 1998 година, од две милијарди 694 милиони долари. Тоа е документ кој стои во Светската банка од кој сигурно најмногу 2 милијарди 160 милиони долари е производство, некаде околу 154 милиони долари е пренос и некаде околу 280 милиони долари е дистрибуција искажана по вредност. Сето тоа се објекти на Електростопанство искажани преку хидроцентрали, термоцентрали, далноводи, трафостаници и сето она што прати едно Електростопанство, објекти кои во нивна изградба учествуваа сите граѓани на Република Македонија, бидејќи некаде до 1990 година на секој киловат час што сме го потрошиле како граѓани или индустрија, имавме и посебен дел што го плаќавме за развој или за изградба на електроенергетски објекти. Сите до еден, кој колку трошдл, толку повеќе плаќал. Меѓутоа, во нивната изградба учествуваа сите граѓани. Условите за добивање на тој кредит уште тогаш што беа поставени беа многу јасни.

Прво и основно беше дека Електростопанство во тој период беше превработено и мора да се намали со број на вработени. Започна со намалување, дојдовме некаде до 7.600, сега не ја знам точната бројка, но е на 9.000 вработени. Беше тој услов до тука да се дојде. Втор услов кој е многу битен. Намалување на загуби на киловат часови, не на загуби за финансиска наплата или не, тоа е посебно, загуби на киловат часови кои Светската банка бараше да бидат некаде околу 8%.

Трето, бараа постигнување на процент на наплата над 90%, 93%-95%. Имавме една дистрибуција која беше рекоредер во наплата, дистрибуција во Тетово 95, меѓутоа процентот беше некаде 91%.

Еден од многу битните услови кој ни го постави Светската банка, а сигурно тоа и Европската банка ќе го бара за обнова и развој и понатаму, бараше либералицација или бараше преструктуирање на Електростопанство, поточно либерализација со можности на укинување на монопол на електрична енергија. Електричната енергија мораш9 да излезе на пазар, или крајниот потрошувач електричната енергија требаше да ја најде на пазар, за да може конкуретно да набавува. Ако погледнеме од тој период, бидејќи ги пратам работите, што наваму е постигнато и што се направи, реков кој број на вработени сега има, процентот на наплата на електрична енергија не е за спомнување, некаде е само околу 60%, барем таму од каде доаѓам јас. Загубите отидоа некаде по најнови показатели мегќу 12 и 13, место да се спуштат на 8, иако требаше да се доближиме до тие некои показатели за да нешто навистина имаме, застанавме, а во она другото прегрупирање на Електростопанство, прегрупирање кое бараше економско изделување на дистрибуција, Техничко изделување кое бараше економско изделување на пренос, техничко изделување и економско - Техничко изделување на производството, не се направи ништо. Ниту еден сегмент од овие три битни сегмента не поминаа на тој план, или како што имавме порано можности на купопродажни односи, едни на други, сега се работи по стариот систем како што се работело. Меѓутоа, ова мораше да се направи и да се створи оператор, а оператор е пренос кој *ќе* има технички можности да во секој момент може да набавува електрична енергија, всушност да ја пренесува преку себе и таа електрична енергија да ја дистрибуира до сите потрошувачи.

Не од Југославија, од Швајцартија, од Италија, од светот бидјеќи ако имавме таков пренос, ако направивме таков оператор ние само под тој услов, кој го бараше и Европската Унија на либерализација можеме да излеземе на пазар и можеме натаму да влијаеме на се она што се случи во Електростопанство.

Сите документи што ги имам добиено од ЕУ никаде не се бара

приватизација на Електростопанство.Се бара либерализација. Тука нема преструктуирање, нема што да зборуваме и од она што Радмила го кажуваше, бидејќи во струка сум не сум прочитал за Унгарија, не сум прочитал кој за две години го продал Електростопанството, меѓутоа сега има тешки, тешки проблеми, некаде да се случува приватизација без три години. Примерот од Словенија, каде е преструктуирано пред три години како што кажаа производство, пренос и дистрибуција сеуште не помислува Словенија на продажба. Грчка исто така, Италија да не зборуваме. Значи, се оди прво на овие односи да се направат, па потоа ќе се оди на приватизација. Ако не го имаме преструктуирано Електростопанството, ако немаме добра дистрибуција, ако немаме добар пренос, може да ни се случи да дојде некој да ни ги купи производните капацитети, преносот не се приватизира, ни по сите документи досега што се сугерираат, да ни остане дистрибуција. Знаете ли во каква состојба ќе ни дојде државата?

Овој што произведува фактурира, во рок од 10 дена, 8 дена, да ја платиш фактурата, а ако не ја наплатиш од граѓаните ти следи камата. Тој е чист, ти си како држава, каде што останала дистрибуцијата тој кој најмногу ќе има проблеми понатаму. Дали некој направи такви анализи и да каже стоп, до каде ќе одиме, што ќе одиме и што ќе направиме. Што ќе направиме со трудоинтензивните дејности во РЕК Битола,во Осломеј, каде се бара многу работна снага? Што ако сите ние знаеме дека некој киловат саат има една норма на однесување кол-кав треба да биде тој број . Ако сакаме тој киловат саат да има и цена која треба да ја има за да можеме да излеземе на крај со се она што е направено. Ова кај нас не е ниту дистрибуцијата дојдена во подеднаква состојба, имаме дистрибуции во кој загубите се движат од шест до 8%, но имаме и дистрибуции во кои загубите се движат до 20%. Сега слушам и 25%. Сето тоа кај мене, мора да ви кажам како граѓанин поставува многу дилеми и многу прашања. Дилемите и прашањата само ќе ги изнесам за да по некој период и време останат запишани и да се знае дека на некој начин ова ќе ни се случува.

Прво, ако не сме го направиле преструктуирањето цената што ќе ја добиеме за електростопанството на мало, не можеме да постигнеме цена која треба. Не Европска банка да е тука, незнам кој да е, Европската банка е заинтересирана до 51% и натаму ќе видиме. Се прашувам дали некој ги виде показателите и цените на електричната енергија во нашава околина, мислам на државата и каква е цената кај нас на киловат-час. Дали и после она 61% покачуваше, последното што го имаме како ценг на електричната енергија ќе остане, или ќе следи уште покачување? Да. Мора да има покачување. Дали ќе имаме снага тоа да го издржиме. Дали ќе направиме еден план на тие покачувања да се постигне цената што треба да се постигне за да има ред на тие покачувања и да има една корелација со можностите на граѓаните и на стопанството. Може ли таков фонд да ни биде презентиран? Да не ни се случи со брзање да имаме, јас морам да кажам дека сметките за мобилни телефони не се скапи. Сега, се многу скапи сметките за обични телефони, 142% е поскапа сметка за разлика од минатата година и оваа година. Земете ги сметките на обичните телефони да видите што се случува? Ние сите се втурнавме на мобилните, па ги оставивме обичните телефони, се прашувам ако се знае дека некаде 7,5 илјади луѓе треба да останат во Електростопанство, што со другите, колку ги има незнам, а ги има многу бидејќи секој ден се примаат, имаме ли програма за тие луѓе како понатаму ќе ги преструктуираме, затоа што нема потешко кога некој остане без работа. Без разлика на власт, без разлика на се. Треба сите да го обмислиме што. Јасно е дека имаме преголемо вработување, само да не почнеме да зборуваме за тоа. Од каде сум излегол?

Овде се поставува и прашањето дали граѓаните кои со години изделуваа од свој џеб на секој киловат саат да даваат допринос за изградба на објекти ќе имаат некои акции? Тоа е прашање. Дали вработените во електростопанство кои имаат некој удел исто така во акции, дали затоа што постојат документи точно донесени од тогашни собранија и сето она што натаму ќе се случи. Дали може да ни се случи, она што го кажав, делови од Електростопанство освен пренос да останат да нема заинтересирани никој, како и за дистрибуција, затоа што огромен процент на технички издатоци и на комерцијалните издатоци. Дали кога некој ќе почне да работи приватно и ќе нуди цена на електрична енергија по една цена, дали оној што ја продава, на пример во Куманово и оној што ја продава во Тетово, на своите потрошувачи ќе им даде раз лична цена? Ако малку ја знаеме науката во овој процес, ако Куманово има загуба 18% на киловат саат, Тетово има 6%, Тетово ќе има пониска цена. Мора да има пониска цена. Ако таму

имаме производство на било што, тој што произведува кај него електричната енергија учествува на пример со 5% во Куманово, со *4%* како импулс во производството, во производнит објект што се прави. Сите тие прашања наметнуваат дилеми и бараат прегрупирање на Електростопанството, доведување на сите овие сегменти во една состојба на техничка и економска можност да се доведат сите состојби во државата према граѓаните да не бидат во некоја работа која, мора да кажам не е добра. Неможам да сватам зошто толку брзање. Нема шанса со брзање да постигнеме ништо, само ќе потврдиме некоја крилатица која ни е многу тешка како граѓанин на Македонија да излезе пак онаа - во Македонија многу евтино можеш да купиш, но провизијата е голема.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот Благој Стојковски.

За збор се пријавени уште четворица пратеници, ако продолжиме да работиме сигурно ќе се пријават и други. Исто така ако имаме предвид дека и овие говори кои се пријавени се долги, а ќе можат и другите така да продолжат, сигурно до 22 часот не ќеможеме да завршиме. Затоа ја прекинувам седницата.

Утре ќе работиме по 112 седница со почеток во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот)